СЗПМ БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

27 март 2020 година број 140

Година XIII Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710

ISSN 1857-7660

NLB Banka

Седма седница на Извршниот одбор на СЗПМ

## Богатата дискусија ја потврди успешната реализација на Програмата за 2019 година

На 28.2.2020 се одржа 7. седница на Извршниот одбор на СЗПМ. На седницата беа донесени и разгледани повеќе прашања и одлуки поврзани со тековното работење и активностите на Сојузот, но истата главно беше подготвителна седница за претстојната седница на Собранието на СЗПМ. На седницата покрај членовите присуствуваа и: претседателот на Собранието на СЗПМ м-р Илија Адамоски, претседателот на Надзорниот одбор Митре Стојановски, претседателот на Комисијата за спорт и рекреација Здравко Петковски и Петар Андреевски книговодител на СЗПМ. Според вообичаената воспоставена практика, претседателката на Сојузот **Станка Трајкова** ги наброја и кусо ги образложи активностите на Сојузот меѓу двете седници и рече:

### Добрите подготовки, секогаш даваат добри резултати

– Потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Сојузот и ЗЕЛС. Меморандумот ќе биде доставен до сите здруженија членки на Сојузот за да го користат како потпора при соработката со општините во кои се наоѓаат.

– Комисијата за спорт и рекреација одржа седница на која се изготвени измена и дополнување на постоечкиот Правилник за спорт и спортски активности. Измената и дополнувањата се резултат на анализа и согледувања дадени од голем број здруженија и учесници на натпреварите.




– Добиена е покана од Република Србија за учество на Република Северна Македонија во проектот „Креативна Европа“, Европски покрет за активности на луѓето од трета доба. Во проектот ќе учествуваат Р Србија, Р Словенија, Р Бугарија и Р Босна и Херцеговина. Основна цел на овој проект е промоција на културната соработка во рамките на Западен Балкан. Оваа покана е доказ дека нашата земја и СЗПМ станува препознатлив респектабилен субјект на Западен Балкан, препознаен во Европски рамки. Проектот ќе се финансира делумно од европски фондови, а во него ќе бидат застапени 5 културни области. Сојузот ќе зема активно учество во организирањето на овој проект, прилагодувајќи се однесува во склад со актуелните случувања во државата како земја која очекува датум за пристапни преговори во ЕУ.

– Комисијата за здравство и социјална политика достави прашалници за работата на клубовите на пензионерите до сите здруженија, истите се во тек на обработка.

– Отпочнуваат и подготовките за Балканската спортска олимпијада која ќе се одржи во Р Србија, во Врњачка Бања.

По излагањето на Трајкова, седницата се одвиваше по едногласно усвоениот записник од 6. Седница и предложениот дневен ред.

За Предлог–извештајот за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија за 2019 година, воведно излагање даде претседателката на Сојузот, Станка Трајкова. Таа меѓу другото рече:

– Во Извештајот дадени се сите содржини за сработеното во текот на една година од страна на овој нов состав. Дадено е образложение и осврт на сите активности кои беа преземени во изминатиот едногодишен период. Во првиот дел се прикажани остварувањата на програмските активности, потоа дадени се статистички податоци за бројот на корисниците на пензија, просечни пензии, распоред на членарината, усогласувањето на пензиите.

Дадена е материјална поддршка на здруженијата на пензионерите кои се домаќини на ревиите и спортските натпревари, на здруженијата кои организираа пензионерски средби, како и на помали здруженија кои отвораа клубови за пензионери или вршеа адаптација на клубови или работни простории. Подготвен е Правилник за материјална поддршка на здруженија на пензионери, како и Правилник за издавачка дејност и творештво. Посебно место во работата на Сојузот во 2019 година беше посветено на работата на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина. Се изврши уточнување на податоците за членовите по здруженија, при што се изврши шифрирање на преку 90 000 членови кои правото на пензија го оствариле од 15.02.2015 година до 30.06.2019 година, а во моментот се работи за шифрирање на членството од 1 јули до 31 декември 2019 година.

Ревиите на песна, музика и игри успешно се завршени. Најдобрите две здруженија, Гази Баба и Виница го преставуваа Сојузот и нашата држава на фестивалот во Љубљана. На фестивалот шеф на делегацијата беше Ѓорги Андонов кој ја прими наградата за 10–годишно претставување на Сојузот на фестивалот.

### Сојузот работел економично и домаќински во сите области

Спортските натпревари исто така успешно беа изведени, а на републичките натпревари учествуваа 46 здруженија. Сојузот оствари меѓународна соработка и со други земји и оваа активност и понатаму ќе биде во фокусот на активностите на Сојузот. Информирањето на Сојузот е препознатливо со објавување на весникот „Пензионер плус“. Весникот се доставува до сојузите на здруженија на пензионери во Хрватска и Словенија, од каде се добиваат позитивни искажувања за објавените содржини. Координативното тело на активите на пензионерки донесе Програма за работа во наредниот период.

Претседателот м–р **Илија Адомоски** во својата дискусија потенцираше дека Извештајот е добро подготвен, и дека ваков добро подготвен Извештај во иминатите два мандати односно осум години, немало. За секое прашање дадена е срцевината на темата, јасно и концизно прикажана. По дискусијата на претседателката учество зедоа повеќе делегати. Извештајот беше оценет како сеопфатен и со мали забелешки беше усвоен.

За Финансискиот извештај за остварените приходи и извршените расходи за 2019 година на Сојузот, кратко образложение даде секретарот **Менка Темелковска** која истакна дека во претходната година се остварени приходи во износ од 9.132.282 денари. Приходите од членарина изнесуваат 8.249.088 денари и истите се зголемени во споредба со приходите од 2018 година како резултат на порастот на бројот на корисници на старосна пензија. 90% од приходите се остварени од членарина, а само 10% од други приходи. Вкупните расходи се остварени во износ од 7.567.982 денари и истите се пониски во однос на планираните и остварените во 2018 година, што значи дека се штедело и рационално се користени средствата. Најголем дел од расходите или 56% се однесуваат на функционалните расходи, околу18% на интелектуалните услуги и 26% на другите расходи.

По Финансискиот извештај кратко образложение даде и претседателот на Надзорниот одбор **Митре Стојановски**. Надзорниот одбор одржал 6 седници што укажува на зголемени активности. Во своето образложение тој потенцираше дека извршените приходи и расходи на Сојузот се реално прикажани, а вишокот на приходи над расходите да се распореди за други намени, односно да се наменат за развојни компоненти.

Потоа претседателката Трајкова истакна дека треба да се покрене иницијатива од Сојузот за измена на законските прописи за да не се плаќа данок за доделување на социјални пакети на пензионерите, со што ќе се создаде простор за повеќе средства да се доделуваат на пензионерите. По дискусијата на повеќемина, Финасискиот извештајот беше едногласно прифатен, како и Завршната сметка.

За Предлог–правилникот за измена и дополнување на Правилникот за спортски игри на пензионерите, кратко образложение за потребите од изменување даде претседателот на Комисијата за спорт и рекреација **Здравко Петковски**. На седницата беа одредени и домаќини на јубилејните 25. регионални и Републичките спортски натпревари.

Потоа беа одредени домаќините на 8. регионални ревии на песна, музика и игри за 2020 година, како и датумите на одржување на истите и на 10. јубилејна републичка ревија. Беше одреден и составот на Организациониот одбор.

Барањата за помош на здруженијата Тетово, Богданци, Велес, беа едногласно усвоени, а барањето на ЗП Охрид и Дебрца беше одбиено со 2 гласа против и 1 воздржан бидејќи не е во рамките и критериумите на Правилникот за поддршка на активности на мали здруженија.

### Воведените новини се резултат на развојот на СЗПМ

Предлог–одлуката за определување на награда за обезбедување на дополнителни приходи од реклами, спонзорства и проекти беше едногласно усвоена.

За Информацијата за резултатите од Прашалникот за изјаснување на здруженијата на пензионери – членки на СЗПМ за облиците и формите на информирање, воведно излагање имаше потпредседателот **Ментор Ќоку** кој рече дека по направената анализа на резултатите 29 здруженија не сакаат да се информираат преку „Пензионерски видици“, а „за“ се изјасниле 23 здруженија. Образложението е дека околу 85 % текстовите биле исти како во „Пензионер плус“. Што се однесува до „КОХА“ од 16 здруженија кои добиваат „КОХА“, 11 сакаат да добиваат, а 5 не сакаат иако текстовите се еднакви како во „Пензионер плус“. Информацијата беше усвоена со еден глас против.

Потоа беа донесени следните заклучоци:

1. Од 1 март да не излегуваат „Пензионерски видици“, а во „КОХА“ и понатаму да излегува една страница на албански, но секое здружение да добива фактура и самото да ја плаќа, а не како до сега да им се одбива од членарината. Исто така, да се потпише договор со „КОХА“. Секое здружение да каже колку броја сака да добива од „КОХА“.

2. Со Координативното тело на активи на пензионерки да раководи Марија Моневска, бидејќи Ангелина Ристеска има здравствени проблеми. Предлогот беше едногласно прифатен.

3. Да се доставаат до здруженијата препораки во врска со КОРОНА вирусот.

За овие препораки да се информираат органите на Здружението на пензионери за соодветно постапување по истите.

**К.С.А.**

ВО ОВОЈ БРОЈ...

АКЦЕНТИ ОД ИЗВЕШТАЈОТ НА СЗПМ ЗА 2019 ГОД. стр. 2
СЕДНИЦИ стр. 3 и 4



27 ГОДИНИ ОД МАНИФЕСТАЦИЈАТА „БЛАКЦЕТО НА БАБА“ стр. 5
ОДБЕЛЕЖАН 8. МАРТ - МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА ЖЕНАТА стр. 7
ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНОТ ЗА ПИО стр. 9
ПАНОРАМА стр. 10
КУЛТУРА стр. 11
ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12
ЗДРАВСТВО стр. 13
ПРЕДАВАЊА стр. 14
ЗАБАВА стр. 15



ОТВОРЕН НОВ ПЕНЗИОНЕРСКИ КЛУБ ВО БИТОЛА стр. 16

ЌЕ ИЗЛЕЗАТ
23. април
- Прилог за пензионери во „Коха“
23. април
„Пензионер плус“

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

УБАВО Е КОГА НЕКОЈ Е СЕКОГАШ НА ВАША СТРАНА
www.snbroker.mk
15 770
ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД БИТОЛА

# Акценти од извештајот за остварување на целите и задачите на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија за 2019 година

Една од најзначајните задачи на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е развојот на пензионерската граѓанска асоцијација која е најбројна асоцијација во земјата и бележи постојанен пораст на членовите и на крајот на 2019 година достигна над 275.000 членови.

Во Извештајот за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија за 2019 година се содржани поединечни и сеопфатни податоци и образложенија за остварените резултати од спроведувањето на Програмата за работа за 2019 година.

**Следење на остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување**

Материјалната и социјалната положба на корисниците на пензија се одржува и подобрува преку заштита на стекнатите права од ПИО и преку унапредување и проширување на тие права на постојните и идните пензионери. Ова прашање и во 2019 година беше главна преокупација на Сојузот и на здруженијата на пензионери на Македонија.

**Заложби и активности за донесување на Закон за пензионерско организирање**

Во 2019 година Сојузот продолжи со заложбите за донесување на Законот за пензионеско организирање. За таа цел на 1 јули 2019 година се одржа работна средба меѓу Министерката за труд и социјална политика и преставници на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. Во врска со Законот се дискутираше дека треба истиот да се донесе, бидејќи Законот за здруженија и фондации со кој се регулира правната рамка за уредување на односите на граѓанските организации не ги задоволува потребите на пензионерската популација над 320.000 корисници на пензија. Донесувањето на овој закон ќе реши значајни прашања од доменот на пензионерското организирање, особено проблемот со формирање на паралелни здруженија, а потоа да се достави до Владата за негово процесуирање.

**Донесен е Правилник за учество во обезбедување на финансиски средства за материјална подршка на Здруженија на пензионери - членки на СЗПМ**

Извршниот одбор на Сојузот донесе Правилник за учество во обезбедување на финансиски средства за материјална подршка на здруженијата на пензионери членки на СЗПМ. Со Правилникот се утврдени условите, начинот и постапката за учество на СЗПМ во обезбедување на финансиски средства на здруженијата на пензионери за остварување на целите и задачите и.тоа:

1. На Здруженија на пензионери кои се домаќини на Регионалните ревии на песни, музика и игри и Регионалните спортски натпревари, Сојузот им додели 40.000 денари или вкупно за оваа намена 640.000 денари.
2. На Здруженија на пензионери кои организираат масовни пензионерски средби, Сојузот им додели средства во износ од 15.000 денари или вкупно 125.000 денари.
3. Подршка на помалите здруженија за изградба или адаптација на клубови на пензионери, за адаптација на работни простории и за одбележување на значајни настани.

За овие активности Сојузот додели 205.000 денари.

Вкупно средства по сите основи изнесува околу 1.000.000 денари.

Овие средства се доделени на здруженија на пензионери како поддршка за активности предвидени во Статутот на СЗПМ.

Активности во 2019 година Сојузот ги обавуваше главно со средства од членарината, но и од аплицирање на проекти и донации во износ од 350.000 денари, што се должи на амбициозен и професионален однос да се обзбедат повеќе средства иако тоа не е константен приход за финансирање на СЗПМ. Во финансирање на сите активности и работењето на Сојузот се водеше сметка за рационално и економично трошење на средствата што е констатирано и од Надзорниот одбор на СЗПМ.

**Донесен е Правилник за Финансиска подршка за потикнување на издавачка дејност и творештво**

Во 2019 година се донесе Правилник за финансиска подршка на издавачката дејност и творештво во интерес членството, во третата животна доба во насока на обезбедување на активен пензионерски живот. Со Правилникот се утврдени критериуми за доделување на финасика поддршка за издавачка дејност и творештво. На овогодишниот оглас се јавија 28 кандидати, од кои Повремената комисија за издаваштво даде подршка на 11 автори.

Финансиската подршка за годишните проекти изнесува 134.000 денари од планирани 200. 000 денари. Тоа зборува дека Комисијата се определила за квалитетни дела и за автори кои прв пат добиваат подршка од СЗПМ.

**Активности на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина**

Во надлежност на Регистрираната организација е распределбата односно дозначување на средства по основ на членарина и ажурирање на евиденцијата на членството. Покрај ова Регистрираната организација ја следи сотојбата со исплатата на средства за солидарен фонд за починати корисници на пензија, а административната работа ја врши Стручната служба на СЗПМ. И во 2019 висината на посмртната помош изнесува 30.000 денари.

Извршено е шифрирање на околу 90.000 корисници на пензија од страна на Стручната служба на Сојузот со што се изврши уточнување на податоците. Ова задача на од 15 февруари 2015 година до 31 мај 2019 година. Обработените податоци за новите корисници на пензија, Сојузот на CD ги достави до сите здруженија, со цел истите да ја ажурираат евиденцијата на членството.

**Формирана е Комисија за старски и пензионерски домови и стандард**

На 20 јуни 2019 година за прв пат во Сојузот се формира Комисија за пензионерски и старски домови. Комисијата има за цел да ја согледа фактичката состојба за потребата од старски и пензионерски домови, да ја систематизира и постојано да ја афирмира оваа проблематика. Изградбата на пензионерски и страски домови како приоритетна задача на Сојузот беше поставена како една од темите на средбата со министерката Мила Царовска која се одржа на 1 јули 2019 година. Беше предложено СЗПМ да делегира еден член од

**Реализирани се 8 Регионални ревии и Републичка ревија на песна, музика и игри**

Во Сојузот почнуваат во април, а завршуваат на почетокот на јуни со републичката ревија.

А) Оваа година на регионалните ревии на песна, музика и игри домаќини беа здруженијата од Прилеп, Тетово, Центар – Скопје, Здружението на воени пензионери, Свети Николе, Валандово, Виница и Вевчани. Пензионерските ревии добро беа подготвени, масовно посетени, што укажува на фактот дека истите со задоволство се примени не само од пензионерите туку и од сите граѓани. Ревиите, ги поддржува локалната самоуправа, а на регионалните ревии присуствуваа градоначалници и претставници од општините на ЗП домаќини. Најдобрите од 8 региони настапија на 9–та Републичка ревија на песни, музика и игри која се одржа на 7 јуни 2019 година во Скопје, во Домот на АРМ. На Ревијата поздравен збор имаше претседателот на Владата на Република Македонија Зоран Заев.

Б) Учество на пензионерски здруженија членки на СЗПМ на меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана.

Организациониот одбор избра две најдобри здруженија кои ја преставуваа Република Македонија по десети пат на 19 меѓународен фестивал за трета животна доба во Љубљана. Како најдобри здруженија беа избрани ЗП „Гази Баба“ и ЗП Виница кои успешно се претставија на овој престижен фестивал.

**Одржани се 8 регионални и Републичките спортски натпревари**

Од 21 мај 2019 година до 23 јуни 2019 година се одржаа спортските натпревари. Домаќини беа Здружението на Воените пензионери, ЗП Злетово, ЗП Крушево, ЗП Гевгелија, ЗП Радовиш и Конче, ЗП Гостивар, ЗП Берово и ЗП Струга. Спортската олимпијада 2019 година се одржа во септември во чест на денот на пензионерите во Радовиш. На регионалните спортски игри настапија сите 53 здруженија со рекорден број 2.605 натпреварувачи, што преставува масовен спортски настан. Радува фактот што овие активности секаде беа подржувани од локалната самоуправа.

На 22 септември во Радовиш, и оваа година во чест на денот на пензионерите во Македонија по 24 пат се одржа пензионерска спортска Олимпијада. 24–тите Републички пензионерски натпревари се одржаа под покровителство на Министерството за труд и социјална политика, а на натпреварот присуствуваше заменик на министерот за труд и социјална политика Ѓонул Бајрактар кој им се обрати на присутните. И оваа година најуспешно здружение во многу јака конкуренција беше ЗП Тетово.

**Подобрена е здравствена заштита на корисниците на пензија**

За истакнување на проблемите за здравствена заштита на корисниците на пензија се организираше работна средба на СЗПМ на која присуствуваа претседателите на скопските здруженија, како и членови на Комисијата за зравство и социјална политика за Сојузот со премиер Зоран Заев и министерот за здравство д–р Венко Филипче. Дел од овие проблеми се решени благодарејќи на ангажирањето на Сојузот.

**Формирано е Кординативно тело на активи на пензионерки**

За прв пат во Сојузот се формира Координативното тело на активите на пензионерки со цел и активите на пензионерките да бидат застапени на ниво на Сојузот. Основна цел на ова тело на Извршниот одбор има позасилен развој на социјално хуманатарна дејност. За работата на активите на пензионерките се донесе Програма со која се предвиде дека активистките со своите инклузивни решенија уште повеќе треба да се вклучат скоро во сите активности во здруженијата на пензионери. Особено беше нагласено помагањето на стари и осамени пензионери. Исто така, беше оценета потребата од поголемо вклучување на пензионерската популација со активности што ги преземат други граѓански организации како што е заштита од семејно насилство, родова еднаквост, здравство, социјална дејност и друго. За ова цел Активите на пензионерки остварија поголема соработка со Центрите за социјална работа, Црвениот крст, локалната самоуправа за учество на ова популација на разни трибини, панел дискусии и слично, каде што се говори за старите лица, а посебно за женската популација како дел од корисниците на пензија. Акцент се даде и на работата на волонтерството, за што се истакна дека сите претседатели се активиски и треба да продолжат со нивната работа преку разни содржини помагајќи ги старите лица.

На здруженијата на пензионери кои посебно се ангажираа во остварувањето на хуманитарните активности, Сојузот за прв пат оваа година им додели благодарници за хуманитарни активности поврзани со подобрување на стандардот на пензионерите, а благодарници добија ЗП Прилеп, Крива Паланка и Деми Хисар.

**Продолжена Меѓународна соработка со пензионери од други земји**

Меѓународна соработка Сојузот оствари со пензионерите од Словенија. Оваа година продолжи традиционалната соработка, подршка и помош за учество на 19 меѓународен фестивалот на „Трета животна доба“ во Љубљана. На фестивалот учествуваа ЗП Гази Баба и ЗП Виница кои постигнаа посебен успех и го пртставија нашето културно богатство и традиција. На фестивалот добивме признание за 10 годишно учество кое го прими Ѓорге Андонов шеф на делегацијата. Во Куманово со подршка на СЗПМ се одржа Меѓународна фолкорна средба со учество на пензионерски здруженија од Македонија, Србија и Бугарија. На покана на Сојузот на пензионери на Србија, делегација на СЗПМ, присуствуваше на XII Олимпијада за спорт, здравје и култура во Врњачка Бања. Се потпиша Протокол меѓу пензионерските асоцијации од Унгарија, Словенија, Македонија и од Србијаза одржување на Балканската спортска олимпијада во 2020 година планирано е да се одржи во Србија, а потоа во наредните години, да се одржува наизменично во друга земја потписничка на протоколот. Се остварија повеќе самостојни традиционални соработки и посети на здруженија во повеќе држави.

**Отворени се повеќе нови Клубови на пензионери**

Денес во здруженијата на пензионери има 450 клуба, а 7 се отворија во 2019 година. За согледување на состојбите во функционирањето на Клубовите на пензионери, беше реализирано преку одговорите добиени од Прашалникот, кој беше доставен до сите здруженија како и од извршен непреден увид.

**Информирањето е континуирано добро**

Во 2019 година, Сојузот посвети посебно внимание на информирањето. Сите пострагања беа редовно презентирани преку 10 броја на весник „Пензионер плус“, а еднаш месечно имаше една страница за пензионери во „КОХА“ на албански јазик, и еднаш месечно се објавуваа „Пензионерски видици“ во весникот „Нова Македонија“. Во сите три гласила беа поместени содржини кои се од интерес на целото членство и пошироко. Информирањето на пензионерите и јавноста во земјата, но и надвор од границите на Република Македонија, беше и преку Web страницата на СЗПМ. На Web страницата редовно се објавуваше секој број на весникот, на страницата во „КОХА“ и „Пензионерски видици“. Беа објавени Билтенот за спортски натпревари и Билтенот на Ревиите на песна, музика и игри. На Web страницата се поместени и 33 подстраници на здруженија, но би било добро своја под страница да имаат сите 53. За првпат на веб страницата на СЗПМ беа објавени и неколку аудиовидео материјали.

Во 2019 година се спроведе анкета на здруженијата на пензионерите за натамошно информирање преку доставување на Прашалник за изјаснување на здруженијата за облиците и формите на информирање. Врз основа на добиените резултати од анкетата во 2020 година ќе биде одредено низ кои гласила ќе се одвива информирањето.

**Меѓугенерациска соработка и соживот во граници на можностите**

Сојузот во 2019 година посветуваше соодветно внимание на Меѓугенерациска соработка и соживот. Беа одржани мултиетнички средби во Тетово, Гостивар и Куманово, а речиси за сите празници пензионерите се дружеа со деца и младици, како и со млади волонтери од Црвениот крст во градовите.

**РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА СЗПМ ВО 2019 ГОДИНА**

Седниците на органите и телата на СЗПМ во 2019 година беа планирани врз основа на Програмата за работа на Сојузот, актуелните потреби и прашања кои ги покренуваа здруженијата и членовите на соодветните органи и тела.

Собранието на Сојузот во 2019 година одржа две седници.

Извршниот одбор на Сојузот во текот на 2019 година одржа шест седници.

**РАБОТА НА КОМИСИИТЕ И РАБОТНИТЕ ТЕЛА НА СЗПМ**

Седниците на комисиите и другите работни тела се одржуваа според нивната Програма по потреба или по барање на претседателите на тие тела. Активно работеа: Надзорниот одбор, Правно економскиот форум, Статутарната комисија, Комисија за културно забавен живот, Комисијата за спорт и рекреација, комисии за здравство и здравствена заштита, комисијата за меѓународна соработка, комисијата за старски и пензионерски домови и подобрување на стандардот на пензионерите, комисијата за информирање и издав ачка дејност и други

Врз основа на изнесените активности за остварување на целите и задачите утврдени со Статутот и Програмата на СЗПМ за 2019 година се предлагаат следните:

**КОНСТАТАЦИИ И ЗАКЛУЧОЦИ**

Во текот на 2019 година успешно е реализирана Изборната Програмата и Програмата за работа на Сојузот за 2019 година.

Сојузот квалитетно ги организираше регионалните и републичките ревии на песна, музика и игри како и регионалните и републички спортски натпревари, кои успешно и квалитетно беа реализирани.

Во 2019 година развојот на социјално хуманитарната дејност се реализираше преку отпочнување со работа на Координативното тело на активи на пензионерки преку потикнување и насочување активност.

Со цел натамошен успешен развој на пензионерското организирање за активен пензионерски живот, Сојузот даде подршка на отварање и адаптација на Клубови на пензионери, адаптација на работни простории на здруженија, потикнување на издавачката дејност, како и подршка на масовните пензионерски средби.

Заради помагање во набавката на огревно дрво, Сојузот организираше средби на здруженија на пензионери со прествник на ЈП „Национални шуми“.

Во 2019 година се потпиша Меморандум за соработка со ЗЕЛС, кој има за цел да ја развие и прошири соработката на здруженијата на пензионери со локалната самоуправа.

Во 2019 година во однос на здравствената заштита на корисниците на пензија се разрешени повеќе прашања, а во наредниот период ќе се преземат и други активности во однос на промената на Позитивната листа на лекови во согласност со достигнувањата во медицинската наука.

Во 2019 година Сојузот редовно ја сервисираше членарината до здруженијата и Сојузите на корисниците на инвалидска пензија.

Во 2020 година Сојузот ќе продолжи интензивно да работи на остварување на целите и задачите утврдени со Статутот Програмата на Сојузот.

Скопје 2020 година

Собрание на СЗПМ

ЗП Чаир

# Заложба за поголеми успеси

За работењето на ЗП Чаир за 2019 година, опширно и конструктивно се расправаше на седницата на Собранието на ова здружение, која се одржа на 27 февруари 2020 година. На седницата беа разгледани и усвоени, Статутот на ЗП Чаир, Годишниот извештај за остварување на целите и задачите и активноста, Завршната сметка за 2019 година, Извештајот на Надзорната комисија, како и Програмата за работа и Финансиски план за 2020 година. Седницата ја раководеше претседателот на Собранието **Рауф Хамиди**, кој на почетокот истакна дека со домаќинско работење и рационално трошење на средствата, сите планирани задачи и активности во минатата година се успешно реализирани.



Воведно излагање за годишниот извештај имаше координаторот **Тодор Илиев**. Тој направи пресек на сите активности кои беа планирани и реализирани за 2019 година, при тоа нагласи дека во минатата година здружението остварило досега најголема организирана, широка и мошне успешна работа, посебно во реализација на правата на пензионерите од областа на пензиската и здравствената заштита, на културно–забавно и спортско поле, одмор и рекреација, во доделување хуманитарна помош, екскурзии, како и во информирањето, каде што биле вклучени голем број пензионери. За Програмата за 2020 година, излагање имаше претседателот на ЗП Чаир и потпретседател на СЗПМ **Ментор Ќоку**, кој истакна дека главно место се дава на социјалата, бањско–климатската и спортската рекреација, на ревиите и друго. Тој меѓу другото нагласи дека репрезент на културните збиднувања е секако хорот и пејачката група на албански јазик, со кои здружението се претставува на регионалните и републичките ревии на песни, музика и игри што ги организира СЗПМ. Акцент е даден и на активностите на разграноците и клубовите.

Успешно беше оценето и финансиското работење. Приходите и расходите се остварени во рамките на планираното и деловната година е завршена со позитивно салдо. Претседателот на Надзорниот одбор **Виолета Шишкова**, ги информираше присутните дека членовите на Надзорниот одбор констатирале дека финансиското и материјалното работење се врши согласно со постојните законски прописи, а средствата се потрошени согласно со годишниот финансиски план, економично, домаќински и строго наменски.

Во расправата по овие документи учество зедоа повеќе дискутанти кои изнесоа свои мислења и предлози за подобрување и унапредување на работењето на Здружението.

**Васил Пачемски**

ЗП Прилеп

# Лани многу, годинава уште повеќе

Извештајот за минатогодишната работа на ЗП Прилеп, како и усвојувањето на Завршната сметка, беа главна тема на дискусија на делегатите и претседателите на ограноците на петтата седница на Собранието. Овие материјали кои според дискусиите на претседателите на 19–те ограноци предизвикале интерес кај членството при нивното разгледување, а истото беше констатирано и од Извршниот и Надзорниот одбор при ЗП Прилеп.





Она што е значајно за минатогодишната работа на прилепското пензионерско здружение кое е едно од најактивните меѓу членките на СЗПМ, е дека лани се направило доста, а беше одлучено годинава да се оствари уште повеќе за членовите на ЗП Прилеп. Тоа го потврдува и позитивната завршна сметка на здружението.

Во 2019 година прилепското здружение покрена повеќе активности за задоволство на членството, со тоа што финансиски има добивка од над 781 илјада денари и тоа го прави мошне успешно и според дискусиите на делегатите „домаќински" се работело. Покрај десетината и повеќе екскурзии низ Македонија и една во странство на која зедоа учество околу 2 000 пензионери, минатата година беа издвоени и повеќе од 2,5 милиони денари за еднократна парична помош, потоа помош за бањско лекување и предновогодишни ваучери на 250 пензионери од по илјада денари. Токму на оваа тема интересно е дека годинава од добивката од 780.000 денари, делегатите одлучија на 250 пензионери, оние што не добиле, а имаат ниски пензиски примања да им се доделат предвелигденски ваучери од по илјада денари во висина од над 300 илјади денари. Инаку, и годинава за еднократна парична помош одлучено беше да се одвојат над 1.300. 000 денари, 250 илјади денари за бањско лекување и исто толку за велигденски ваучери и повторно ваучери од по илјада денари за Нова година. За добивање средства од Здружението за бањско лекување ќе одлучува Комисијата за здравство, а конкурсот е веќе распишан и ќе трае петнаесет дена.

Покрај другите активности кои според прифатената програма ќе бидат реализирани и годинава во план е отворање на два нови пензионерски клуба во ограноците Сточен пазар и „Бончејца" чие реновирање е при крај.

**К. Ристески**

ЗП Пехчево

# Одржано годишното собрание на здружението

За работата на ЗП Пехчево опширно и конструктивно се расправаше на скоро одржаната седница на Собранието. Во извештајот за работата на Здружението во 2019 година беа набележени активностите што беа реализирани во изминатата година. Меѓу другото беше кажано дека Здружението со свои преставници учествувало на регионалните спортски игри кои се одржале во Берово и на кои пехчевските натпреварувачи постигнале солидни резултати во дисциплините на кои се натпреварувале, а учествувале и на Републичките спортски игри со свој судија.



Посебно беше истакната активноста на пејачката група при ЗП Пехчево која покрај учеството на Регионалната ревија на песни, музика и игри која се одржа во Виница учествуваше и на други фестивали во Македонија и надвор од неа. За одбележување е начинот на самофинансирање со членарина на членовите на групата, кој може би е единствен во државата. Здружението на пензионери според финасиските можности ќе учествува во реализацијата на програмата на групата.

Во изминатата година организирани се повеќе екскурзии и посета на значајни историски места во Македонија, како и повеќедневни екскурзии во Република Бугарија. Главен акцент во активностите во 2020 година ќе биде вселувањето во новите реновирани простории на здружението. Значајна помош во опремувањето на просториите е добиена од СЗПМ во висина од 40.000 денари кој износ значително ќе помогне во опремување на просториите. Поставени се вариолајт завеси и побарани се понуди за поставување на греење на просториите. И од Советот на општина Пехчево добиена е финансиска помош 34.000 денари. Истите ќе бидат употребени за купување на телевизор и музички систем. Се прават напори преку помош на општествено одговорни фирми во Пехчево да се набави и нов мебел за опремување на просториите. Извршена е промена ДУП–от во согласност со инвеститорот за да може да биде откупено земјиштето за изградба на старски дом и други здравствени и социјални услуги.

Иницирана е потребата за отварање на подрачна служба на Фондот на ПИО во Пехчево, за да можат пензионерите и другите граѓани, услуги на фондот да ги добиваат во местото на живеење, без дополнителни трошоци. Заради подобрување на здравствените услуги на пензионерите се планира да се организира состанок со претставници на Здравствениот дом Пехчево и да се иницира обновување на патронажната служба за пружање на помош на пензионери самци.

Во работата на собранието учествуваше и градоначалникот на општина Пехчево **Дрган Тренчовски** кој се заблагодари на поканата и изрази задоволство за учеството во работата на собранието. Тој притоа рече:

– Пензионерите во Пехчево се над илјада на број и претставуваат група која треба да се негува. Во Советот на општината имате претставник кој ги застапува вашите интереси. Во општината имаме разбирање за вашите барања и можам да кажам дека заслужувате секоја чест за сработеното во изминатата година. Вашата пејачка група е промотор на општината и според нашите можности и ние како локална самоуправа финасиски ќе ги поддржуваме активностите. Имате добар председател кој домаќински и одговорно работи со здружението.

На седницата беше поднесен и финансиски извештај за 2019 година, кој беше пропратен со извештај на Надзорниотодбор.

**Александар Кацарски**

ЗП Виница

# Усвоен Извештајот за 2019 и донесена Програмата за работа за 2020 година

ЗП Виница кон крајот на февруари 2020 година одржа седници на ИО и собранието. По усвојувањето на записникот од претходната седница и дневниот ред за петтата седница претседателот на здружението на пензионерите **Петруш Данилов** поднесе Извештај за работата на здружението во 2019 година и годишната завршна сметка за 2019 година, точки по кои се разви опсежна дискусија во која беше акцентирано набавката на огревно дрво, цените на дрвото и финансиската состојба на ЗП Виница. Од исцрпните дискусии се констатира дека сите трошоци се во рамките на планирањата и се работело домаќински. Конструктивни дискусии се водеа и по Програмата за работа на ЗП за 2020 година и финасискиот план за тековната 2020 година каде беа наброени активностите кои ќе се реализираат во здружението. Активностите се насочени кон соработка со СЗПМ, советот и градоначалникот на Општина Виница пред се поради потребата од решавање на проблемот со сопственоста и одржувањето на пензионерскиот дом, продолжува континуирано работата со ограноците и клубовите Градец, Блатец, Виница, Трсино и други и за истите е обезбедено соодветна опрема. Снабдувањето со огревно дрво на заинтересираните пензионери продолжува и се очекува да се запишат околу 3000 метри простории даб и бука. Продолжува грижата за здравствената заштита на пензионерите, социјалната помош на ранливи категории на пензионери и зголемување на активностите во сите категории на културно–забавниот и спортски живот на пензионерите. Програмата за работа беше оценета како реална и сеопфатна со напомена да се ангажираат сите чинители во здружението за целосна реализација. Потоа истата беше усвоена. На крајот од седницата беше усвоен и финансиски план за 2020 година кој е реален и остварлив.



**Петруш Димитров**

ЗП Крива Паланка

# Транспарентно, отчетно и домаќинско работење

Крајот на годината е повод за сумирање на постигнатите резултати, додека почетокот на тековната година е за планирање на тековните активности. Така се работеше и во нашето здружение каде на сите органи и тела беа разгледани неколку битни документи и едногласно усвоени. Меѓу нив беа Завршната сметка и Извештајот за работењето на здружението за 2019 година. Усвоен е финансовиот план со приходи и расходи на здружението за тековната година и Програмата за работа за 2020 година. Од членовите на Извршниот одбор беше иницирано да се донесе и програма за работа на здружението за целиот мандатен период 2020–2023 година, што едногласно беше усвоено од делегатите на собранието.



Новина во работењето на органите и телата е тоа што за прв пат годинава Надзорниот одбор излезе со писмен извештај за работењето на здружението. Се констатираше дека здружението работело отчетно и домаќински. Завршната сметка е во позитива од 50.401 денари и главен извор на приходи е членарината.

На собранието едногласно беше донесена одлука од сите 23 делегати здружението да учествува во меѓуопштинските, регионалните и републичките спортско–пензионерски игри, како и на Регионалната и Републичката ревија на песни, музика и игри.

Од плодната дискусија на Собранието, Извршниот и Надзорниот одбор се констатираше дека работата на здружението оди во нагорна линија бидејќи минатата година иако беше изборна, условите во Клубот за дневен престој беа подобрени.

Во ЗП Крива Паланка за нов секретар е избран Душко Стамболиски. На досегашниот секретар му беше изразена благодарност за работата и со одлука да му се додели награда во висина од 10.000 денари. Беше усвоена одлука за реновирање на канцелариският простор на здружението.

**Б. Стојчевска**

ЗП Ѓорче Петров

# Потпишан Меморандум за соработка

На 13.02.2020 година Здружението на пензионери Ѓорче Петров потпиша Меморандум за соработка со општината Ѓорче Петров. Меморандумот го потпишаа претседателот на ЗП Воислав Ристовски и градоначалникот на општината Ѓорче Петров Александар Наумовски.



Во Меморандумот покрај многубројните активности опфатени се и идеи, мислења, ставови и предлози за заеднички настапи и на општината, здружението и СЗПМ при разрешување на проблемите на пензиионерите, подобрување на организасиската функционалност, заложби за зголемување на пензиските примања, на здавствената и социјалната заштита, грижата за осамените и намоќни пензионери, како и заедничко оддбележување и чествување на празници и други пригоди од областа на културата и спортот.

По потишувањето на Меморандумот со општината Ѓорче Петров во тек се активности околу обезбедување на просторни услови за отворање на 3 клубови за дневен одмор во населбите Ѓорче Петров, Мирче Ацев и Дексион, со комплетно внатрешно ентериерно уредување на просторот со чајна кујна и сите пропратни реквизити со кои пензионерите ќе имаат можност подобро и поудобно да ги минуваат пензинерските денови. Во населбата Волково каде што веќе постои клуб на пензионерите, истиот ќе биде преуреден со внатрешен инвентар. Сите финансиски трошоци околу плаќањето на закупнината на клубовите, како и кумуналните такси ќе ги подмирува општината.

**Љубинко Ристов**

ЗП Центар

# Усвоени важни документи

На 27 февруари се одржа 6-тата седница на Собранието на ЗП Центар со повеќе точки на дневниот ред. Седницата ја водеше Претседателот на Собранието Зорица Димовска. По разгледувањето и усвојувањето на Записникот од претходната седница, членовите на Собранието го верифицираа членството во своите редови на претставник од Огранокот „Мито Хаџивасилев – Јасмин“. Нов член на испразнетото место во Собранието е Нада Петровска.



По точките од дневниот ред за материјално-финансиското работење на Здружението, како и за Годишната сметка со приходите и расходите во 2019 год. говореше претседателот на Извршниот одбор и на Здружението Павле Спасев. Претседателот меѓу другото нагласи дека во документите се прикажани приходите и расходите, и тие даваат целосен преглед на остварените приходи и домаќинско извршените расходи во претходната година. Вкупните приходи во 2019 година изнесуваат 5.350.576, расходите 3.248.844 и остаток од 2.102.702 денари.

Повеќето дискутанти нагласија дека документите се одраз на реалното работење на Здружението, на бројните активности и на позитивното и штедливо работење што е карактеристика како за 2019 година, така и за изминатите години.

На 6. седница на Собранието на ЗП Центар, беа разгледани и усвоени Извештајот за работа на Здружението и неговите органи и тела во минатата година, како и Прграмата за работа на ЗП Центар во 2020 година. Своите активности Собранието ги спроведуваше согласно со Статутот и Програмата за работа на Здружението во 2019 год. одбележувајќи ја притоа 65-годишнината од своето формирање. По тој повод ИО донесе одлука за доделување плакети на поединци и организации. Во извештајниот период беа разгледани повеќе прашања и се надминати бројни проблеми од интерес на пензионерите од здружението.

За Програмата за работа на ЗП Центар, во дискусијата беше нагласено дека активностите на Собранието, Извршниот одбор и нивните органи и тела ќе бидат насочени кон продолжување на работата за подобрување на животот на пензионерите од Центар, пред сè, нивниот стандард, како и во осмислување на пензионерското секојдневие. Покрај подготовките за Регионалните и Републичките спортски игри и за Регионалната и Републичката фолклорна ревија, Здружението во своите активности годинава ќе продолжи да се грижи за болните и изнемоштени пензионери, за социјалните случаи, доделувајќи им еднократна парична помош. Ќе продолжи и грижата за здравјето со организирање на мерење притисок и шеќер во крвта, а ќе се спроведат и еднодневни и дводневни екскурзии во земјава и во соседството. Продолжува и соработката со збратимението ЗП Кочани, со локалната самоуправа, со Сојузот и други организации.

Беше нагласено дека Програмата за работа ќе биде отворена и ќе може да се дополнува со прашања и проблеми на пензионерите што ќе произлезат во текот на годината. Собранието на седницата од своите редови го предложи Владо Левковски на испразнетото место во СЗПМ.

**Цветанка Илиева**

ЗП Охрид и Дебрца

# Прифатени Извештаите за работа во 2019

Собранието на ЗП Охрид и Дебрца на 29 февруари 2020 година, ја одржа третата редовна седница. Претседателот на Собранието д-р **Димитар Спасески** ги поздрави гостите, и со тоа ја отвори седницата на која беа прифатени извештаите за најважните документи од работењето на здружението во минатата 2019 година.

На седницата како гости присуствуваа претседателката на Советот на Општина Охрид **Живка Ангеловска** и делегација на збратимениото здружение Солидарност – Аеродром од Скопје предводена од претседателот Димитрија Богатиноски. Претседателката на Советот на Општина Охрид во поздравниот збор рече:

– Чест ми е и задоволство што денес сум меѓу вас. Ве поздравувам од името на локалната самоуправа на Општина Охрид, и сакам да истакнам дека нашата соработка со вас е добра и таа верувам дека ќе се унапредува и продлабочува. Мудроста е овде во вас и со вашето знаење и искуство, заедно можеме да градиме подобра иднина за сите во државата.

Претседателот на ЗП Солидарност – Аеродром **Димитрија Богатиноски**, во своето обраќање ги поздрави присутните и рече:

– Во материјалите по двата извештаи реално се прикажани резултатите, а со тоа е реализирана и заедничката програма која ја имаат донесено двете збратимени здруженија. Проблемот со судските спорови се надевам дека брзо ќе се реши, а во тоа треба да се вклучи и СЗПМ.

Воведничар по Извештајот за работа на органите и телата на Собранието за 2019 година беше потпретседателот на Извршниот одбор **Живко Наумоски**. Тој ги претстави резултатите постигнати во сите сфери на работењето на здружението од општественоит, социјално-хуманитарниот и здравствениот живот, како и успесите на културен и спортски план. Се осврна и на соработката на здружението со здруженија членки на Сојузот, но и од соседните



држави, а ги спомна и излетите, учеството на разни манифестации во организација на СЗПМ, ревиите и спортските натпревари и друго. Оценувајќи ја како успешна 2019 година, Наумоски, сепак рече дека најголемиот проблем со кој се соочува здружението, е судскиот спор со ЗП на инвалидските пензионери, кој се провлекува шест години, а исто толку време здружението работи со блокирана сметка, со надеж и очекување дека во 2020 година спорот конечно ќе биде надминат.

На седницата членовите на Собранието го прифатија Извештајот за работа и на Надзорниот одбор за материјално-финансиските резултати од работењето и Годишната завршна сметка за 2019 година на ЗП и на Клубот на пензионерите.

На дневен ред на седницата беше и Статутот на здружението. Претседателот на Комисијата за статут и правни прашања **Станко Јовчески**, го пренесе ставот на комисијата со кој се предлага изработка на нов статут. Во постојниот статут се извршени промени и дополнувања, но сепак има повеќе недоречености и нелогичности поради кои треба статутот да претрпи измени. Јовчески рече дека Статутот мора да се усогласи со новиот Статут на СЗПМ донесен во 2015 година, бидејќи Статутот на ЗП Охрид и Дебрца е донесен во 2010 година. Истиот треба да се усогласи и со препораките на СЗПМ, како и со новиот Закон за пензиско организирање кој е во фаза на донесување од СЗПМ. Претходно ќе следи и јавна расправа по статутот во месните ограноци.

Со дискусии учествуваа поголем број од присутните.

**К. Спасески**

ЗИП Прилеп

# Извештај за користење на средствата добиени од буџетот на Општина Прилеп во 2019 година

Во текот на минатата 2019 година Здружението на инвалидските пензионери од Прилеп доби средства за активност од Буџетот на Општина Прилеп, во висина од 20.000 денари.

Со тие средства не можеше да се реализира планираниот проект за намалување на потрошувачката на електричната енергија, односно за подобрување на топлотната ефикасност на Клубот на ЗИП Прилеп, од повеќе причини, пред сè од материјален и друг карактер, а особено заради недоразбирање со фирмата која најпрво се нафати, а потоа ја крена цената на услугите на тоа што претходно беше договорено да се направи во Клубот на ЗИП Прилеп. Требаше, пред сè, да се адаптира, таванот во Клубот на ЗИП, со што ќе се намали потрошувачката на електричната енергија, а со тоа и на потребните средства. Токму затоа добиените дваесет илјади денари, беа пренаменети и со нив се набави клима-апарат за загревање и за ладење на просториите на здружението на инвалидските пензионери.

Овој извештај го поткрепуваме и со податоците, дека Здружението на инвалидските пензионери има вкупно околу 1 600 членови од кои секојдневно по педесетина ја посетуваат канцеларијата и Клубот на ЗИП Прилеп. За подобрување на ефикасноста и намалување на потрошувачката на електричната енергија за загревање на Клубот, оваа година ќе изнајдеме и сопствени средства, а за дел повторно ќе се обратиме до Комисијата за распределба на средства за реализирање на набележаниот проект. За него покрај сопствените од ЗИП Прилеп во висина од околу 17.000 денари, се надеваме и на средства кои би ни ги дала и локалната самоуправа на Општина Прилеп.

За тоа кои активности ќе се реализираат во текот на оваа 2020 година ќе биде доставена Програма за работа на ЗИП за годинава. Ќе бидат доставени и сите потребни документи наведени во Огласот заедно со Пријавата. Веруваме дека на ова наше барање ќе добиеме позитивен одговор, а добиените средства ќе бидат искористени строго наменски.

**Томе Мазгалоски**
**Претседател на ЗИП Прилеп**

ЗП Кратово

# Одржана осма - проширена седница



На 05.03.2020 година Извршниот одбор на ЗП Кратово ја одржа својата 8-ма проширена седница со надзорниот одбор на ЗП Кратово.

Најнапред беше дадено еднонимунтно молчење во чест на скоропочинатиот потпретседател и поранешен секретар на Извршниот одбор на ЗП Кратово и врвен спортист и активист Манчо Ампевски, а потоа беше усвоен предложен дневен ред, кој беше едногласно усвоен.

По втората точка од дневниот ред беше усвоен со дополнуивање, извештајот за работата на Собранието и Извршниот одбор, Надзорниот одбор, Комисиите и Стручната служба на ЗП Кратово за 2019 година.

Потоа беше донесена Програмата за 2020 година и Календар на активностите за спорт, рекреација и ревии за 2020 година. Според дневниот ред беше разгледана завршната сметка на ЗП Кратово за 2019 година. За истата имаше излагање овластениот книговодител на ЗП Кратово **Сунчица Тодосова**.

Потоа беше донесен Финасов план за 2020 година на ЗП Кратово, а по точката прашања и предлози беа разгледана дописи од пензионери и организации за решавање на проблеми и реализирање на престојни активности.

**Методи Мишевски**

ЗП Струга

# Набавка на огревно дрво за 2020 година

На последната седница на ИО на Здружението на пензионери од Струга, присуствуваше претставник на ЈП „Национални шуми“ – Струга, кои редовно помагаат за обезбедување на огревно дрво на корисниците на пензија. Претседателот на ЗП Струга, **Милорад Трпоски**, кој е иницијатор на оваа хумана акција, на седницата искажа задоволство што меѓу здружението и ЈП „Национални шуми“ – Струга, постои долгогодишна соработка и во оваа хумана работа за снабдување на огревно дрво на рати за пензионери кои се немоќни, сами, или се со ниски примања. На овој начин се подобрува и нивниот стандард.

– Според подготвениот оперативен план и договорот со ЈП „Национални шуми“ – Струга, и здружението при доставување на огревно дрво приоритет ќе им дава на корисниците со пониски пензиски примања и болни и изнемоштени пензионери, – истакна претседателот Трпоски.

**С.К.**

ЗП Ѓорче Петров

# Донесена Програмата за 2020

Здружението на пензионери Ѓорче Петров на 27.12.2019 година ја одржа 3-та седница на Собранието на која беа донесени Годишната програма за работа, а воедно беше усвоен и Годишниот извештај за работата за 2019 година. Во изминатите години, Собранието на Здружението донесуваше Одлука за времено финансирање во првиот квартал за наредната година, додека оваа година за прв пат беше донесен Финансискиот план за 2020. Исто така да напомениме дека на истата седница едногласно е донесена Одлука за потпишување на Меморандум за соработка со Здружението на пензионери од Битола.

Покрај оваа седница здружението имаше и други активности.

**Љ.Р.**

ЗП Велес

# 27 години од манифестацијата „Блакцето на баба“

Иовaa година Здружението на пензионери од Велес ја одржа манифестација „Блакцето на баба“. Оваа манифестација е организирана за првпат во 1994 година од жените членки на Здружението. Така и оваа година под раководство на Активот на пензионерки при ЗП Велес беше организирана оваа манифестација. Како гости беа присутни повеќе од дваесетина здруженија на пензионелес им беа доделени благодарници за учеството, а првото место по квалитет го освоија сите блакца, зашто сите беа од убави, поубави, од вкусни, повкусни.

– Целта на Манифестацијата е да се задржи традицијата на подготовка на старинскиот блага кои сме ги научиле од нашите баби, а средствата од оваа манифестација ќе им бидат доделени на болни и пзнемоштени





ри членки на СЗПМ, а скоро сите пензионерки со себе ги донесоа традиционалните блакца од својот крај. Така можеа да се пробаат стандардните баклави, аравании, ванилици, алви... Се наполнија масите како никогаш досега.

Како гости беа присутни и службеници од Општина Велес, од Општинскиот одбор на Црвениот крст на Македонија, од Месната индустрија „Агрија“ и други.

Најнапред на присутните им се обрати и ги поздрави претседателот на Здружението, д-р **Веле Алексоски**, потоа претседателката на Активот на пензионерки на здружението домаќин, ЗП Велес, **Благојка Настова**, а Манифестацијата за отворена ја прогласи потпретседателот на ИО на СЗПМ, **Ментор Ќоку**.

На претседателките од Активите на пензионерки од страна на ЗП Велуѓе, на луѓе без кров над главата или на луѓе кои ги снашла некоја неволја.

А на веселбата и немаше крај. Се изиграа велешки, кавадаречки, неготински, прилепски и ора од сите краишта на Македонија, а забавата започна, со кое оро, ако не со „Ја излези Ѓурѓо“ и ореоводецот, секако, претседателот на Здружението, Алексоски.

Потоа се редеа „Егејското“, Чамчето, Чачак... Едно младо келнерче не можејќи да и се изначуди на енергијата на пензионерите, тивко проговори: Сѐ, сѐ, ама ова ниту сум го видел, ниту ќе го видам.

Така, помина и заврши весело и радосно оваа пензионерска средба со вкусот на бабините блакца и ветување дека и догодина ќе ја повторат.

**Н. Алексока**

ЗП Крушево

# Отчет за сработеното во 2019

Собранието на ЗП Крушево на својата отчетна седница одржана на ден 03.03.2020 година расправаше по Предлог–извештајот за работа на Собранието и неговите органи и тела во 2019 година, по Предлог– извештајот за материјално–финансиското работење на здружението, како и по Предлог–извештајот на Надзорниот одбор за извршената финансиска контрола над финансиското работење на ЗП Крушево во 2019 година.

Седницата ја отвори претседателот на Собранието **Милорад Трпчески** и на почетокот покрај претставниците на Собранието, претседателите на комисиите на Извршниот одбор и претседателот на Ндзорниот одбор, посебно го поздрави присуството на претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и делегацијата од збратимениот здружение од Струга, предводена од претседателот Милорад Трпоски.

Кратко воведно излагање по извештајот за работата на ЗП Крушево во 2019 година даде секретарот на здружението Димче Трајкоски, кој истакна дека здружението во 2019 година настојувало во целост да ја реализира Програмата, со доследно почитување на стекнатите права на пензионерите, навременото спроведување на изборите на сите нивоа, учеството на Регионалните и Републичките ревии на песна, музика и игри и на Регионалните и Републичките спортски игри и друго. Во дискусијата се вклучија скоро сите претседатели на Комисиите на Извршниот одбор.

Во расправата зема учество и претседателката на СЗПМ Станка Трајкова која ги поздрави присутните и се заблагодари за поканата да присуствува на оваа отчетна седница. Во својата дискусија таа истакна дека материјалите по сите точки од дневниот ред се квалитетно изработени и сликовито може да се види и констатира целокупната работа и активност на здружението, а од финансискиот извештај може да се заклучи дека здружението работело отчетно, чесно и домаќински и дека средствата се трошеле строго наменски и според Финансискиот план за 2019 година. Исто така, таа нагласи дека иако ова здружение е едно од помалите во Сојузот, тоа активно учествува во сите активности кои ги организира и Регионот и СЗПМ. Го потенцираше и ангажирањето на здружението во социјално-хуманитарната сфера, посетата на болни и изнемоштени пензионери, доследна примена на правилниците за доделување на станови и Правилникот за доделување на еднократна неповратна парична помош. Се заложи за склучување на Меморандум за соработка помеѓу ЗП Крушево и локалната самоуправа на основа Меморандумот склучен помеѓу СЗПМ и ЗЕЛС, за доследно и целосно применување на препораките од СЗПМ и Министерството за здравство околу сузбивањето на корона вирусот и друго. Претседателката Трајкова информираше и за вклучување на Сојузот во Балканската спортска олимпијада. На крајот на сите присутни и на сите пензионери им посака добро здравје и долг живот, а на здружението понатамошна плодна и успешна работа. Потоа претседателката одговараше и на повеќе поставени прашања од присутните.

По Предлог–финансискиот извештај за материјално–финансиското работење на здружението во 2019 година кратко воведно излагање даде членот на ИО **Петар Талески**, кој меѓу другото истакна дека од Извештајот може да се заклучи дека здружението главно се финансира од членарината, закупнините и приходи од клубот, а здружениет работи според финансиските закони и сретствата ги троши строго наменски, домаќински и рационално. Потоа Собранието едногласно ги усвои сите документи и донесе Одлука вишокот на приходи од 2019 година да се пренесе како приход во 2020. Присутните ги поздрави и претседателот на збратименото здружение од Струга **Милорад Трпоски**.

Со ова Собранието ја заврши својата работа, со констатација дека 2019 година била доста успешна и плодна.

**Д. Трајкоски**

ЗП Тафталиџе ДДД

# Отворен пензионерски клуб во Нерези

Создавањето на услови за дружење на пензионерите со цел полесно, поинтересно и осмислено живеење во третата доба е една од најзначајните програмски содржини на ЗП Тафталиџе ДДД, во скопската општина Карпош. Повеќеилјадното членство на ова здружение веќе ги има на располагање просториите во „Никола Карев“ – Карпош 3 и „Влае“ во Порта Влае. Кон нив од неодамна се приклучи и клубот во урбаната единица Нерези, кој беше отворен во соработка со општина Карпош. Тоа го нагласи и првиот човек на општината, градоначалникот **Стефан Богоев**.

– Отворањето на овој клуб е дел од комплетната грижа на нашата општина за пензионерите од двете здруженија Тафталиџе и Карпош. Новите простории ќе им овозможат се-



којдневно дружење и спортување (играње шах, пикадо, домино и сл.), организирање на хуманитарни активности, меѓугенерациски средби со учениците од ОУ Братство итн.

Отварајќи го новиот клуб градоначалникот најави неколку проекти кои општината ги реализира во интерес на сите граѓани, па и на пензионерите, повикувајќи ги масовно да ја прифатат акцијата „Мој Карпош – моја картичка“ која овозможува повластени услуги од повеќе од двесте фирми.

Во името на ЗП Тафталиџе се заблагодари претседателот **Димитрије Димоски**, нагласувајќи дека пензионерите ги поздравуваат сите нови зафати во општината како обновување на спортскиот центар Партизан, изградбата на нови паркови и друго. За радост на присутните тој го најави скорешното отворање на пензионерски клуб и во населеното место Бардовци.

**Перо Миленкоски**

ЗП Сарај

# Усвоени значајни документи

ЗП Сарај, на 14.03.2020 година, одржа редовно годишно Собрание со кое раководеше претседателот **Баки Бакиу**. На седницата се разгледани: Извештајот за работа на органите и телата на Здружението, Финансискиот



извештај и Завршната сметка за 2019 година, како и Финансискиот план и Програмата за работа во 2020 година.

Покрај членовите на Собранието, на ИО и претседателите на ограноците, на седницата присуствуваа и: Методија Новковски, претседател на ЗП Тетово, Селвер Мемети со негови соработници, претседателот на ЗП Гостивар, Нијази Целили со соработниците, претседателот на ЗИП Сарај Лутфи Кабаши и претседателот на ЗИП Чаир, Исмет Мустафа со соработници.

Претседателот на Собранието Баки Бакиу, откако беше утврден дневниот ред и се одлучи да се дискутира по сите документи заедно, а на крај да се гласа поединечно, по кусото образложение по сите документи, беше заклучено дека 2019 година била многу успешна благодарение на ангажирањето на раководните структури на Здружението, како и на членството. Програмата за работа целосно е остварена. Финансискиот извештај е во рамките на предвиденото. Што се однесува до Финансискиот план и Програмата за работа за 2020 година, истите се се составени врз база на претходните години и Статутот на Здружението. За финансиското работење на Здружението во 2019 година, извештај поднесе претседателот на НО, **Бедри Таири**.

Претседателот на ИО на Здружението, **Махир Дураку**, покрај другото зборуваше за работата на ИО истакнувајќи дека ИО беше главен носител на програмските активности. Методија Новковски, зборуваше за прашања од здравствен карактер за третата доба за потребата од изградба на пензионерски домови и друго. Селвер Мемеди, во име на ЗП Тетово, им честиташе за постигнатите резултати во работењето посакувајќи здравје и успех во иднина. Претседателот на ЗП Гостивар, Нијази Целили, зборување за потребата од покачување на пензиите и друго. Секретарот на ИО на здружението Имер Јакупи, за секојдневните активности на здружението.

На крај, со јавно гласање на секој документ посебно, едногласно беа усвоени: Извештајот за работа, Фананскиот извештај и Годишната сметка за 2019, како и Финансискиот план и Годишната програма за 2020 година. **Б.Б.**

ЗП Кавадарци

# Одбележан денот на лозарите

Во активностите за одбележување на празникот на лозарите „Свети Трифун“ на ниво на општина се вклучија и пензионерите од ЗП Кавадарци.

Како и во изминатите години, така и овој пат ЗП Кавадарци беше домаќин на заедничка средба на пензионери од повеќе здруженија. Гости беа и пензионери од збратимените здруженија од Лесковац соседна Србија и Перник од Бугарија. Гостите, а особено оние кои за првпат присуствуваа на овој убав настан, беа воодушевени од самиот чин на одбележувањето на празникот. Вниманието им го привлече симболичното закројување на виновата лоза на која присуствуваше и претседателката на СЗПМ **Станка Трајкова**.

По свечениот чин со закројувањето, како што е ред на овој ден желбите беа насочени кон Свети Трифун, да подари богат род на лозјата, вино да се точи и песна да се пее.

Активностите на пензионерите по



повод 14 февруари имаше и на градскиот плоштад, каде што излагаа свои од дома подготвени специјалитети, карактеристични за тиквешкото поднебје. Изложената храна беше подготвена со маџун и вино, имаше сарма од лозов лист со која се нудеа посетителите. На градскиот плоштад на ниво на општината се одржа импровизирано закројување на виновата лоза.

Пензионерите од ЗП Кавадарци беа активни и на распишаниот конкурс за најдобра поетска творба на тема „Еден ден два празника“, настан кој го организира Домот на културата и Градската библиотека од Кавадарци. На распишаниот конкурс од пристигнати над 70 творби, 3 награди освоија пензионерите членови на поетскиот клуб при ЗП Кавадарци. Втората награда му припадна на Ангел Јанев, првата на Љупчо Стојанов додека наградата гранд при и припадна на Тодорка Андова.

**Лилјана Илиева**

ЗП Штип

# Традиционално прославен Свети Трифун

Традиционално и оваа 2020 година, пензионерите собрани во клуб бифето, го прославија празникот Свети Трифун, кој се смета за граничник меѓу зимата и пролета. Во весело расположение, со кршење леб со паричка и благослов од минатогодишниот кум, беше примена здравицата со вино, закитена со босилек и јаболко, а на трпезата вино, ракија и штипска пастрмајлија. **Михајло Јованов**, минатогодишниот кум посака мир и благосостојба во државата. Оваа година среќата ја послужи пензионерката **Лета Илиева**, која ја најде паричката и стана кума за 2020 година. Видно возбудена и среќна, ги поздрави сите со желба за слога, здравје и берикет во Новото лето Господово.

Претседателот **Ристо Нетков**, ги по-



здрави присутните и им го честита празникот. Пензионерот **Киро Маџунаров**, раскажуваше како било некогаш:

– На ден два пред закројување се договарале лојзарите заедно со кумот од претходната година, за активностите поврзани со празникот. Со посипување на ќутукот со вино и ракија и молитва од свештеник, се благословуваше годината со берикет. Потоа се одеше по имендени. Со вино и ракија се славеа имендените на Трифун, Трајан или Трајче. Денес е поинаку, на лозјата има викендици во кои се собираат и мажите и жените со веселба до зорите, а младите го прифатија Валентин, како ден на љубовта.

На крајот од дружењето, **Стојан Ристов**, се заблагодари на раководството за отстапениот простор, и рече дека дружењето и закројувањето на Свети Трифун се патоказ на традицијата за младите поколенија. **Ц. Спасикова**




## НЛБ Сребрен пакет

# Вашата пензија секогаш навреме

**НЛБ Сребрен пакет**
- Visa Electron дебитна картичка
- ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
- Зегин - НЛБ Банка картичка
- Кредитни картички
- Трајни налози
- Сребрен кредит за пензионери
- Депозити за пензионери

**Поволности**
- Пензија на **првиот работен ден** во месецот
- Плаќање на **рати без камата** во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
- **3% Cash back во Веро** маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
- **Осигурителни поволности** за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје

NLB Banka

www.nlb.mk Контакт центар: 02 / 15-600



# ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ

## osteotend®

**ПРОИЗВОД НАМЕНЕТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НОРМАЛНА ФУНКЦИЈА НА ЗГЛОБОВИТЕ И 'РСКАВИЦИТЕ.**

**НА БАЗА НА**
**БРОМЕЛИН, ПАПАИН, РУТИН, МЕТИЛСУЛФОНИЛМЕТАН, ВИТАМИН Ц, Л ОРНИТИН АЛФА КЕТОГЛУТАРАТ И ЃАВОЛСКА КАНЦА.**






- не содржи глутен
- не содржи глукоза
- не содржи лактоза

30 ќесички | 5.6 g

ЗЕГИН ДОО Скопје

Пред употреба внимателно да се прочита упатството! За индикациите, ризикот од употребата и несаканите дејства на граничниот производ консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт"

НОВО

## PROVEN® PROBIOTICS
## Cardiobiotic






- **Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето**
- **Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии**
- **Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)**
- **Витамин Б1 значаен за одржувањето на ормалната функција на срцето**

една 30 КАПСУЛИ на ден

# Одбележан 8. март - Меѓународниот ден на жената



8–ми март – Меѓународниот ден на жената беше одбележан во повеќе здруженија.

На 7–ми март, во организација на Активот на пензионерки при **ЗП Гази Баба**, по повод Осми март Меѓународен ден на жената, се одржа незаборавна пригодна прослава во ресторанот „Далија“ каде 320 пензионери членови на здружението славеа. Во пригодното обраќање потпретседателката на Активот на пензионерки при ЗП Гази Баба **Стојна Тодоровска**, најпрво им го честиташе празникот на пензионерките посакувајќи им добро здравје, среќа и долг живот, при што го нагласи значењето на оваа средба и на другите слични манифестации, кои придонесуваат во создавањето услови за поактивно стареење и продолжување на животната доба на највозрасната популација. Таа истакна дека и пензионерките знаат да слават и заслужуваат да се забавуваат и да бидат активни во сите манифестации. Импресиите од оваа средба и меѓусебното дружење на пензионерките со песни и музика во пријатна атмосфера ќе остане долго во сеќавање.

Околу 180 пензионерки од Активот на пензионерки при **ЗП Гевгелија** по повод празникот на жената 8. Март на 6 март се дружеа во ресторант Велвиција, со песна и оро. Претседтателот на здружението **Велин Стоименов** им го честита празникот со цвеќе и убави зборови.

Исто така, активот на пензионерки на 8. Март за прв пат оваа година организираше изложба во просториите на здружението под име Жена–Љубов – Живот. Тоа беше осмомартовско дружење на жените со слики и поезија. Изложбата ја отвори претседателот на здружението со честитки за празникот. Една од организаторките на изожбата **Ценка Попова Милковска** изложи свои прекрасни слики во име на празникот со цветни мотиви и со ликот на жената. Бидејќи таа пишува и поезија и проза прет присутните презентираше дел од своите книги односно читаше свои песни. Покрај неа поезија читаа и активните пензионерки и организаторки на изожбата Јана Узунова и Јана Аризанова. Изложбата беше збогатена и со многу ракотворби од вештите раце на пензионерките. Копаничарски изработки презентираше Благоја Ѓоргиев активен пензионер и член на извршниот одбор. На присутните на изложбата Попова Милковска им подари книги.





На 4.03.2020 год,, раководството на **ЗП Штип** и Активот на пензионерки со претседателката **Владанка Бочварска**, организираа дружење за најактивните членки. Претседателот **Ристо Нетков**, ги поздрави присутните и го промовираше првиот број на весникот „Пензионер Штип“, при што на застапените автори на прилози им додели благодарници. Награда за „Ермиклии гурабии“ доби Голубина Спирова, а за најактивна пензионерка награда доби Стојка Шалева. Претседателот Ристо Нетков, им го честита празникот на пензионерките и гостинките од Македонска Каменица со претседателката Јаворка Соколовска и на сите дами им подари цвет. Дружењето по повод 8–ми март во Хотел „Изгрев“ беше одложено поради состојбата со вирусот, но сепак, беа посетени и пензионерките над 80 години, при што им беа подарени пригодни подароци и цвет. Осумдесет и осум годишната **Мира Буриќ**, среќна од посетата на нејзините некогашни ученички, сега пензионерки се заблагодари на посетата и споделените убави мигови. Пензионерките од Огранокот 8–ми ноември, организираа изложба во пензионерскиот клуб на која ги изложија своите ракотворби, и се потсетија на убавите младешки дни, кога со голема љубов и внимание ги создавале овие ракотворби за чеиз.

На 8–ми Март, граѓани – активисти на СБШ со претседателот Петар Мицевски, одадоа почит на паднатите жени борци, а поетесата и писател **Цвета Спасикова**, поднесе реферат за значењето на Денот на жената. Делегации на ЗПШ, на СБШ, ЛС и институции и АРМ, положија свежо цвеќе на бистата на хероината Вера Цири Вири – Трена.

**ЗП Струга и ЗП Ресен** по повод Меѓународниот ден на жените, и оваа година, како сите други изминати, во весела атмосфера го одбележаа и прославија во ресторанот на хотелот „Бисер“ кај манастирскиот коплекс Калишта во близина на Струга.

Кон шеесетте пензионеки од Струга во прославата се вклучија и над сто пензионерки од ЗП Ресен.

Потпретседателката на Активот на пензионерки при ЗП Струга, **Павлина Кузманоска**, им го честиташе празникот и им посака добро здравје, долг живот, среќа и активни пензионерски денови.





Години на ред за Денот на жената – Осми март во организација на Активот на жени при **ЗП Прилеп** се организираат традиционални средби. Годинава за 8. март се собраа над 300 пензионерки членови на ЗП Прилеп, а четириесетина ивни колешки дојдоа заедно да се дружат од ЗП Демир Хисар. Најпрво присутните ги поздрави претседателката на Активот на жени при прилепското пензионерско здружение, **Снежана Дамеска**.

Присутните ги поздрави и претседателот на ЗП Прилеп, **Славко Трајкоски** кој меѓудругото истакна дека ЗП Прилеп води сметка за поголема застапеност на пензионерките во редовите на органите и телата на Здружението.

– До лани во Извршниот одбор, Собранието и Комисиите на ЗП Прилеп имавме само 7 жени, а сега имаме 14. Ние сме меѓу малкуте здруженија, или поточно меѓу шесте од 53–те членки на СЗПМ што имаме претседател на собранието на нашето здружение, жена. Ќе се трудиме и понатаму бројот на пензионерките да биде уште поголем, па може дури и пензионерка да биде претседател на Здружението, – истакна Трајкоски честитајќи им го 8. март на сите жени и посакувајќи им долг и среќен живот. Секако треба да се истакне, дека пред празникот претставнички на Активот на жени при ЗП Прилеп заедно со градоначалникот д–р Илија Јованоски, го посетија Домот за стари лица каде на штитеничките им подарија скромни подароци и црвени каранфили. Средба имаа и сите претставнички од сите комисии, тела и органи, како и од двете КУД при ЗП Прилеп, кои пред Осми март заедно со песни и ора се дружеа во Централниот клуб на Здружението.

Меѓународниот ден на жената 8–ми март со претходно изготвена програма од претседателата на активот на пензионерките **Јовка Петрова** и нејзините соработнички, годинава се одбележа со бројни и разновидни активности. Амбициозната претседателка Петрова во програмата вклучи повеќе генерации.



Активностите започнаа на 6–ти април кога професорката по англиски јазик **Сандра Мијалкова** во пензионерскиот дом одржа предавање на тема „Положбата на жената некогаш и денес“. Темата поткрепена со соодветни примери, предизвика големо внимание кај присутните, па и самите се вклучија со свои размислувања и видувања. Денес жените се школуваат како и мажите, вклучени се во општествениот и политичкиот живот, можат да се сретнат во бизнисот и во претприемаштвото, но сепак с еуште постои дискриминација во наградувањето.

На самиот празник, на 8–ми март беше посетен и Здравствениот дом „Нада Панчева Михајлова“.

Активностите продолжија и на 16–ти април, кога доктор **Лујза Јанева** пред жените од трето доба одржа предавање на тема „Здравјето на жените во трета животна доба и како да го заштитеме истото“. И ова предавање беше проследено со големо внимане и бројни прашања од страна на присутните.

**Од дописниците на СЗПМ**

Отчетна седница на ЗИТ КИП Тетово

# Остварени програмските цели и задачи

Целокупните активности на органите и телата на Здружението на инвалиди на трудот и корисници на



инвалидска пензија (ЗИТ КИП) биле насочени кон остварување на програмските задачи а во насока кон општите интереси и жалби на членството. Во тие насоки Собранието на својата отчетна седница одржана неодамна, во работна атмосфера оцени дека се работело сеопфатно и содржајно, задоволувајќи ги желбите и потребите истакнати во месните ограноци, а пренесени на отчетната седница од делегатите непосредно избрани од членството.

Како што беше истакнато во извештајот за едногодишната работа претседателството и другите органи и тела редовно се состанувале и колективно одлучувале. Меѓу повпечатливите активности се снабдувањето на членството со огревно дрво. Како што истакна **Гидо Бојчевски** во својот воведен збор, во текот на минатата година преку непосреден превозник и на повеќе рати биле обезбедени над 1.500 метри дрва за 150 пензионери. Бојчевски смета дека и оваа година ќе продолжи и активноста за снабдување со огревно дрво по пониски цени од пазарните и со неколкумесечни рати на отплата. На над 100 пензионери со пониски примања им биле доделени еднократна парична помош, а преку Активот на жени непосредно се врачувани, особено на оние што се со отежнато здравје и ограничена можност за движење. Здружението организирано изведувало екскурзија во наши познати туристички и историски места на кои учествувале 100–тина членови. Склучени биле договори за бањско-климатско лекување во Дебарско, Катлановска и Негорска Бања на кои им се одобрува попуст од 10 отсто од редовните цели. Преку здружението продолжуваат да се остваруваат барањата на членството за телефонски попусти и друг вид бенефиции. Преку активот на жените организирано биле остварени гостувања во Битола, Лешок и други места. Финансиските средства со кои располагало здружението наменски биле трошени и домаќински се работело, што условило да се оствари вишок на приходите над расходите.

**Г. Ефтоски**


# Шпаркасе Банка Македонија

**Зошто е добро да го користите пакетот за пензионери на „Шпаркасе“?**

- Пакетот е наменет за сите приматели на пензија на трансакциска сметка во „Шпаркасе Банка Македонија“.
- Одлична можност да уживате во пензионерските денови.
- Единствена пригода да се посветите на вашите желби и на желбите на вашите најблиски.
- Примајте ја пензијата на сметка во „Шпаркасе“ секој 1–ви во месецот.

**Што добивате со пакетот за пензионери?**

**Пензија на 1-ви**
**Електронско банкарство**
**Денарска сметка и дебитна картичка**
**Потрошувачки кредит**
**Траен налог**

**Основни карактеристики на потрошувачкиот кредит за пензионери:**

- фиксна каматна стапка од 6,75% за првите две години;
- променлива каматна стапка почнувајќи од 8,75% по истекот на фиксниот период;
- вклучена полиса за животно осигурување;
- максимален износ до 300.000 МКД;
- клиентот при доспевање на последната рата од кредитот може да има максимум полни 70 години;
- еден кредитоспособен жирант за износи над 120.000 МКД;
- провизија за одобрување од 1.000 МКД;
- 1000 МКД административен трошок.

**Полисата за животно осигурување ви нуди ексклузивни предности**

- во случај на осигурен настан, осигурителното друштво ги презема обврските на кредитокорисникот;
- едноставен начин на плаќање на премијата за животното осигурување;
- во случај на предвремено затворање на кредитот, осигурителната полиса се предава на клиентот бидејќи е сè уште валидна.



**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година XIII – број 140
март 2020 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Станка Трајкова** (претседател)
м–р Илја Адамоски
Ментор Ќоку
Менка Темелковска
Д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

**Редакциски одбор:**

**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;

**Членови:**
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин”
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија“

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.



ЗАШТИТЕТЕ ГО
Вашиот имот и домаќинство
со можност за плаќање
на 12 РАТИ
СО ПРИЛОЖУВАЊЕ НА ЧЕК ОД ПЕНЗИЈАТА
20% ПОПУСТ
SN
ОСИГУРИТЕЛЕН БРОКЕР АД БИТОЛА
ПОСАКАЈТЕ ЗБОГУМ НА ТЕНЗИЈАТА И ДОБРЕ ДОЈДЕ НА ПЕНЗИЈАТА!
Дали го заштитивте она на кое толку напорно работевте?
Можете да ги осигурате од повеќе ризици Вашиот дом или викенд куќа, предметите за уредување на просторот, техничката опрема, уметничките слики, парите и скапоценостите. Во СН Осигурителен брокер АД Битола на едно место се достапни сите видови и пакети за осигурување на домаќинства и имот, од сите осигурителни компании во Р. С. Македонија.
15 770
WWW.SNBROKER.MK
INFO@SNBROKER.MK

# Измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување



**Станка Трајкова**

1. Во Службен весник на РСМ број 275 од декември 2019 година се извршија соодветни измени и дополнувања и во постојниот член 37 по ставот 3 се додадоа два нови става, кои гласаат:

(4) Во случај кога има пораст на минималната плата во тековната година повеќе од 15% и пораст на просечната плата во претходната година за повеќе од 5% покрај усогласувањата наведени во ставовите (1) и (3), може да се изврши дополнително усогласување на пензиите во процент не повисок од порастот на просечната плата во претходната година.

Владата со Одлука за висината и начинот на дополнително усогласување на пензиите за 2020 година објавена во споменатиот Службен весник, утврдена е методологијата на дополнителното усогласување каде е регулирано дека дополнителното усогласување се однесува на сите остварени пензии заклучно со декември 2019 година со тоа што вкупните средства се зголемуваат за 5%, а потоа тој износ се дели на вкупниот број на корисници на пензија кои пензијата ја оствариле заклучно со декември 2019 година.

Според условите предвидени во измените на ЗПИО, а земајќи го предвид порастот на просечната плата во претходната година за повеќе од 5%, согласно методологијата утврдена во споменатата одлука на Владата, тој износ изнесуваа 722 денари. Со овој износ сметано од 1 јануари 2020 година се усогласуваат сите пензии (старосни, инвалидски, семејни и минимални) кој износ се засметува во висината на пензијата и претставува основица за натамошните усогласувања на пензиите според движењето на индексот на трошоците на животот.

Од 1 јануари 2020 година според објавените податоци на Фондот, просечната пензија изнесува 15.297 денари, а најнискиот износ на пензија за корисници кои правото на пензија го оствариле по 01.01.2002 година изнесува 10.179 денари, сметано од 1 јануари 2020 година. Учеството на просечната пензија во просечната плата изнесува околу 59% споредена со просечната плата во Републиката во ноември 2019 година.

На изложената законска регулатива позитивно е што во формулата за усогласување на пензиите се зема предвид и порастот на платите. Тоа е на некој начин блиску до швајцарската „формула за усогласување на пензиите“, но под одредени услови. Со ситемско вградување и на платите како параметар за усогласување на пензиите, се обезбедува правна сигурност за одржување на реалната вредност на пензиите. Сепак, Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија континуирано ќе го следи институтот – усогласување на пензиите и соодветно ќе постапи во креирање на јавното мислење по оваа значајно прашање.

2. Со Законот за дополнување на ЗПИО, објавен во Сл. весник на СРМ број 31 од февруари 2020 година е утврдено дека осигуреникот кој бил во редовен работен однос, односно на работа врз основа на која бил пријавен во задолжително социјално осигурување, а од страна на обврзникот за пресметка и плаќање на придонес не е платен придонесот за пензиско и инвалидско осигурување, може самиот за себе да изврши плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување. Плаќањето на придонесот се однесува за оној период за кој осигуреникот поднесува барање за плаќање на придонес под услов да бил пријавен во задолжително пензиско и инвалидско осигурување.

Основица за пресметка и плаќање на придонесот изнесува 20% од просечната плата од претходната година во која е поднесено барањето за плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување објавен од Државниот завод за статистика. Плаќањето на придонесот се врши според стапката на придонесот за пензиското и инвалиското осигурување утврдена со закон.

За плаќање на придонесот за ПИО, Фондот донесува решение доколку осигуреникот бил пријавен во задолжително ПИО што се утврдува од податоците во матичната евиденција на Фондот со претходно воспоставена пријава за почеток и престанок на осигурувањето. Во случај придонесот за ПИО да не е платен целосно или да е платен делумно, а обврзникот за плаќање на придонес е во стечај, а осигуреникот е одјавен од осигурување или обврзникот е избришан од регистрите на Централен регистар, Фондот по службена должност обезбедува доказ врз основа на размена на податоци или врз основа на претходно спроведена М–11/2. По донесување на решение се врши уплатата на придонесот и тој стаж ќе се утврди во матичната евиденција на Фондот доколку целосно биде платен придонесот за ПИО.

Според преодните и завршните одредби овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен весник (објавен е на 10 февруари), а ќе се применува по еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Подготовки за примената на овие дополнувања се вршат во Министерството за труд и социјална политика и Државнот пензиски фонд.

ЗП Свети Николе

# Трибина за семејно насилство

Семејството е место каде што животот на секој член треба да биде среќен, спокоен, исполнет со убави чувства, настани, смеа. За жал, во многу семејства наместо тоа, владее насилство од страна на нечувствителни родители, брат, сестра, и животот на останатите членови се менува од корен и станува исполнет со страв и несигурност.

Мерки за заштита на жртвите на семејно или родово насилство преземаат Министерството за внатрешни работи, Црвениот крст, здравствените установи, невладините организации...

Во тие рамки Активот на пензионерки во ЗП Свети Николе организираше Трибина на тема „Семејно и родово насилство“, а предавачот беше стручно лице од МВР, Љупчо Бетувски. Присутноста од страна на пензионерките беше голема.

На почетокот на трибината, претседателката на Активот на пензионерките **Светлана Иванов**а го поздрави Бетувски и му се заблагодари на одѕивот на поканата и ги поздрави присутните.

Во своето излагање, Бетувски најнапред даде објаснување за тоа што е семејното насилство:

– Семејното насилство е малтретирање, навредување, телесно повредување, загрозување на сигурноста и друго. Има повеќе видови на насилство: физичко, психичко, сексуално и друго. Битно е тоа да се препознае и како да се заштити од него. Целта на оваа трибина е токму тоа.

Потоа тој опширно и со трпение одговараше на сите прашања на присутните. На оваа трибина пензионерките покрај другото, се едуцираа и како да се заштитат, каде да се обратат во случај да се жртви, а исто така и како да помогнат на загрозени лица од ваков тип насилство. Ова трибина спаѓа во планираните активности на Активот на пензионерки при ЗП Свети Николе и е резултат на насоките на Координативното тело на активи на пензионерки при СЗПМ.

**Вукица Петрушева**

ЗП Гевгелија

# Средба на вицепремиерката Мила Царовска со пензионерите

По покана на претседателот на ЗП Гевгелија Велин Стоименов на 07.2.2020 година пензионерите од Гевгелија имаа работна посета од страна на вицепремиерката **Мила Царовска**, претседателката на СЗПМ **Станка Трајкова** и дополнителната министерка за труд и социјала **Санела Шкријељ**. Потребата од оваа средба беше поради дообјаснување на зголемувањето на јануарското покачување на пензиите од 722 денари и други прашања од интерес на пензионерите. Присутните гости секој од свој агол дадоа квалитетно толкување за начинот на зголемување на пензиите, стратегијата, како е намалена "дупката" во фондот и како е дојдено до финансиски средства. Беше кажано дека ова се однесува подеднакво за сите пензионери и е законски оправдано покачување, кое ќе биде основа за покачувањето во месец јули, со усогласувањето на трошоците за живот и покачената просечна плата. Тие ги истакнаа и другите мерки на Владата кои се насочени кон подобрување и повисоки средства за граѓаните. Претседателот **Велин Стоименов** ги поздрави гостите и присутните и го истакна задоволството од подобрување на условите за згрижување на децата од предшколска возраст и посака успех во новата сфера во која раководи вицепремиерката. Гевгелиските пензионери ја расчистија дилемата дека покачувањето на пензиите не е популистичка мерка и изразија големо задоволство од присуството на гостите и точно дадените информации во право време.





**Јанка Узунова**

Од работата на Комисијата за здравство и социјална политика

# Предлог за промена на Правилникот за продолжување на возачките дозволи за пензионерите

Комисијата за Здравство и социјална политика до Министерството за здравство во 2019 година упати барање за промена на Правилникот за здравствени критериуми кои треба да ги исполнуваат повозрасните возачи. По бројни обраќања и контакти на 17.2.2020 година дојде до средба со делегација од Министерството за Здравство во просториите на СЗПМ.

На средбата од страна на Министерството за Здравство присуствуваа **Анка Георгиевска**, раководител на Правно-нормативниот сектор и **Дејан Николовски**, раководител на Одделението за правно–нормативни и управни работи. Во име на СЗПМ гостите ги поздрави **Ментор Ќоку**, потпретседател на Извршниот одбор на СЗПМ, а во разговорите по Правилникот учествуваа претседателот на Комисијата за здравство и социјална политика д–р **Стојанче Стефановски** и членот на комисијата д–р **Димитар Димитриевски**.

На претставниците од Министерството за здравство им беше презентиран проблемот со постоечкиот застарен Правилник за оценка на здравствената способност на возачи, кој е стар скоро 40 години и со чија примена пензионерите возачи се изложени на почести контролни прегледи дополнителни трошоци за продолжување на возачката дозвола. Барањето на Комисијата за здравство до Министерството како надлежно за донесување на овој Правилник е истиот да се усогласи со здравствените критериуми за возачи кои ЕУ со свои уредби ги има дефинирано пред 5–10 години и кои се внесени во националните правилници во земјите на ЕУ. На претставниците на Министерството им беа презентирани правилници од земји на ЕУ кои Комисијата за здравство на СЗПМ ги има анализирано и им беше укажано на постоечките разлики и недостатоците на македонскиот правилник.

Претставниците на Министерството ги прифатија забелешките на Комисијата и изразија подготвеност да се отпочне процедура за промена на Правилникот. Претставниците на Комисијата на СЗПМ ги изнесоа забелешките дека СЗПМ нема ресурси за судски преводи на документи од ЕУ, но сепак ја прифатија сугестијата СЗПМ да подготви Предлог–нацрт на Правилникот и истиот да го достави до Министерството за здравство.

Правилникот да ја поедностави и да ја поефтини процедурата за продолжување возачка дозвола.

**д-р Димитар Димитриевски**

Дел први

# Стереотипи за повозрасните лица - старизми

Преиспитување на статусот, потребите и способностите на повозрасните лица треба да се направи час поскоро, бидејќи за нив постојат многу предрасуди и нетрпеливост.

Англискиот збор ***ageism*** означува негативен стереотип кој вклучува стереотипизирање врз основа на припадност на определена возрасна група (возрасни, стари). Станува збор за негативно судење (предрасуди) за луѓето засновани врз возраста, а не врз нивните поведенија и способности.

Негативната перцепција на стареењето која води кон предрасуди, дискриминација и исклучување врз основа на хронолошката возраст или врз перцепција дека се стари лица, ја нарекувам ***старизам.*** Старизам се обопштени негативни стереотипи за лицата што стареат. Се однесуваат на нивните претпочитања, способности, слабости, реакции и личност. Сите се ставаат во една група на зависни од помош и финансии од помладите, нивен товар и без никаков позитивен придонес за другите во заедницата. Но, дали е сѐ така?!

***Постојат позитивни, благонаклонети и негативни стереотипи***

За жал, има малку ***позитивни стереотипи*** за стареењето, како на пример дека е тоа време на смиреност во кое можат да се соберат плодовите на минатиот труд. Друг позитивен стереотип е дека се тоа луѓе со добро здравје, кои безгрижно се рекреираат во најубавите туристички места. Постојат позитивни стереотипи, како што се, на пример, одлични баба и дедо, мудри старци, љубезни, дарежливи, милосрдни. Кај лицата кои позитивно ги вреднуваат постарите се јавува восхит кон нив.

Само навидум, позитивни се некои т.н. ***добронамерни, благонаклонети стереотипи***, кои се со намера да предизвикаат сомилост кон послабите, кон неспособните. Слични обноски има и кон жените или децата со цел да се заштитат. Иако изгледаат добронамерни, често се доживуваат како навредливи! Јасно изразените ***непријателски предрасуди***, за разлика од претходниве, се засновани врз омраза, аверзија, закани, нетрпеливост.

За постарите лица повеќе има ***негативни стереотипи*** (немоќни, депресивни, осамени, бавни во реакциите вклучително и во мислењето, болешливи, постојано се уморни и се жалат, бучни, тврдоглави, возгордеани, живеат во минатото, конзервативни, големи верници, не се помрднуваат од место седејќи во клацкалки или фотелји пред телевизорите). Ако набројуваме ги има уште многу, како дека постарите се понепродуктивни работници, повеќето живеат во институции наменети за нив, се плашат повеќе од смртта отколку младите, нечувствителни се, даваат сомнителни информации за нивното минато, лесно заборавaат или не можат да учат, не запомнуваат нови информации, тешко се приспособуваат на новото.

Стереотипи за лицата што стареат има во изобилство и тоа многу повеќе отколку полови стереотипи. Еден брз преглед (јануари 2020) на вицови за старите лица на македонски, српски, хрватски, босански, црногорски, бугарски и на англиски јазик во електронските медиуми покажа дека во нив бабите се најпогрдно исмеани, а исто така и желбата и немоќта за сексуален акт кај повозрасните мажи. Заборавеноста и недоразбирањата заради наглувост и посебности во комуникацијата меѓу постарите и помладите, исто така, често се сретнуваат во вицовите за повозрасните лица.

***Каде и зошто старизми***

Потеклото на старизмите, како и нивното влијание, се на психолошки, културолошки и економски план.

***Психолошкиот старизам*** потекнува од личниот страв од стареењето и смртта. Но, подеднакво и од согледувањата на нивните омаловажени и подредени статуси и улоги во општеството и меѓу генерациите.

***Културолошкиот старизам*** е заради пониското вреднување и социјалниот статус на лицата кои стареат во определена културна група.

***Економскиот старизам*** се должи на нискиот и секогаш неизвесен буџет определен за пензиите, малиот здравствен фонд и недобро планираната социјална грижа за старите изнемоштени лица. Економско–политичките одлуки околу пензионирањето, пензискиот и здравствен систем, бесплатно бањско лекување, викенд за пензионерите итн.

Факт е дека сликите за стареењето се социјални творби во различни историски периоди, во различни култури, во различни општествени ситуации. Тие се различни проценки, описи и толкувања за лица од повисока хронолошка возраст. Секој поединец и група има цел репертоар на слики за стареењето. Факт е и дека иднината на лицата што стареат зависи во значаен степен од сликите што во сегашноста ги создаваме за стареењето. Најчесто во таквите слики не се согледуваат големи разлики меѓу поединците во групата хронолошки стари лица. Разликите меѓу поединците со возраста се зголемуваат во поглед на здравјето, материјалната состојба, стилот на живеење и социјалните улоги. Ова придонесува и реалните слики за стареењето да се разликуваат. Повисоко образование, подобар материјален статус, заемна возрасна интеракција и учење едни со други во возрасно мешани групи, придонесува сликите за стареењето да се менуваат позитивно.

**проф. др. Олга Мурџева - Шкариќ**

ЗП Прилеп – Разговор со претседателката на Собранието, Роза Василеска

# Со активни членови - до поактивно здружение



**● Вие сте една од шесте претседателки на собранијата на пензионерите меѓу 53-те здруженија членки на СЗПМ. Што мислите за активностите што ги реализираше вашето, односно прилепското здружение на пензионери во текот на минатата година?**

– Една од важните работи е што се донесе нов Правилник за условите и начинот на доделување на еднократна неповратна парична помош на пензионерите во ЗП Прилеп.

Во изминатата 2019 година, која беше изборна, се залагавме за поголема застапеност на жените пензионерки во органите и телата на управување при ЗП, па така тој процент достигна до 40%. Како здружение сме меѓу најуспешните здруженија на ниво на Република Северна Македонија.

**● Што друго е во план?**

– Во оваа година се планира да се отворат уште два клуба за пензионерите и тоа: еден во огранокот Сточен пазар и уште еден заеднички клуб за ограноците Бончејца и Варошко Маало. Вкупно на ниво на здружение на пензионери ќе функционираат дванаесет клубови, па со толкав број клубови сме едно од реткиte здруженија на пензионери во нашата држава. Планирани се и заеднички дружења во вид на екскурзии во текот на оваа година.

**● Лани бевте прогласени како Здружение едно од најхуманите давајќи им на пензионерите со ниски пензиски примања повеќе можности за подобрување на нивниот стандард. Ќе има ли и годинава слични или уште поголеми хуманитарни акции?**

– Според финансискиот план за 2020 година и Програмата за работа на Комисијата за здравство и во оваа година ќе се додели неповратна парична помош на пензионерите по основ на нарушено здравје во вкупен износ од 1.300.000 денари; ќе се партиципира во трошоците за бањско и климатско лекување во износ од 250.000 денари, и ќе се додели хуманитарна помош од по 1.000 денари на 250 пензионери со најниски пензиски примања.

**● Тешко ли е да се биде претседател на Собрание на едно од големите здруженија, а се разбира со тоа и да го задржите епитетот „Најактивно“ во секој поглед?**

– Јас како сопруга, мајка и баба ги исполнувам сите секојдневни обврски, а особено се залагам да ги исполнам обврските кон Здружението. Работам со голем ентузијазам, се во корист на пензионерите. Сигурна сум дека ќе го задржиме епитетот најактивно и најхумано здружение, за што добивме и благодарница од СЗПМ.

**● Дали и колку ви помагаат колегите од другиот пол?**

– Со колегите имаме одлична соработка. За сите активности се консултираме заеднички, разменуваме мислења и ставови, а носиме и заеднички одлуки, се во интерес на членството на нашето здружение.

**● На крајот што ќе им посакате на сите пензионерки?**

– Најпрво на сите пензионерки им посакувам добро здравје што е многу важен фактор во третата доба од животот. Им посакувам поактивно вклучување во телата и органите на Здружението. Во иднина би посакала да не разговараме за проценти на застапеност според половите, туку да се докажуваме преку дела и активности, затоа што веруваме, дека ние жените можеме многу повеќе.

**К. Ристески**

ЗП Дебар и Центар Жупа

# Петрит Имами нов претседател



ЗП Дебар и Центар Жупа, поради смртта на претседателот Џавит Карпузи, кој неодамна почина по кратко боледување, одржа вонредно Собрание на кое беше избран нов претседател на здружението. Џевад Карпузи беше избран по втор пат на функцијата претседател на ЗП Дебар и Центар Жупа, беше делегат во Собрание на СЗПМ и член на Извршниот одбор на Сојузот.

На вонредното Собрание во кое членуваат околу 2 илјади пензионери од општините Дебар и Центар Жупа, за нов претседател беше избран **Петрит Имами**, економист, додека за делегат во Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија беше избран **Авни Рамаданоски**.

На собранието во Дебар како што информираше новиот претседател станало збор и за понатамошните активности на Извршниот одбор и за работата на комисиите на здружението. Според Имами ќе се реализираат сите активности поместени во Програмата за работа во 2020 година, како и други активности во согласност со Статутот на здружението.

Треба да се нагласи дека здружението, кое ги покрива активностите на пензионерите од општините Дебар и Центар Жупа од вкупно околу 2 илјади членови околу 1500 се во општина Дебар и нешто повеќе од 400 во руралната општина Центар Жупа. Со цел да имаат добри услови и пензионерите од Центар Жупа, во објектот на локалната самоуправа за нив е отворен пензионерски клуб, онаков како што има за дебарските пензионери.

**Вјолца Садику**

# Формирани мобилни тимови за помош на старите лица

ЗП Вевчани и општина Вевчани формираа мобилен тим за помош на сите стари лица и лица со посебни потреби заради новонастанатата состојба во Државава и подигнатиот степен на подготвеност и превенција во спречување со Корона вирусот. Целта на тимот е стари лица и лица со посебни потреби да не остваруваат непосреден контакт со останатите луѓе и да не се овозможи дополнителна опасност од инфицирање со Корона вирус, – информираат претседателот на ЗП Вевчани **Витомир Костојчиноски** и градоначалникот на општина Вевчани **Сашо Јанкоски**.

Секој граѓанин од наведените категории, кои имаат потреба од набавка на лекови, прехрамбени производи и средства за хигиена можат да телефонираат и да побараат помош со повик – на определените телефонски броеви. По повикот, веднаш дома доаѓа мобилниот тим од општината Вевчани ја зема нарачката и за кратко време нарачката се реализира. За услугата самите граѓани си ги подмируваат трошоците, додека услугата на мобилниот тим не се наплаќа.

Сите стари и изнемоштени лица што ќе имаат потреба од набавка на храна, хигиенски средства и лекови ќе можат да ги побараат на формираните мобилни тимови во Василево на тел. броеви: 070/598–748 и 071/631–048. Вакви мобилни тимови има формирано и во Скопје, како и во повеќе други градови во државата.

**Од дописниците**

ЗП Крива Паланка

# Разговор со 5 претседатели на 5 ограноци

ЗП Крива Паланка го составуват шест ограноци, од кои најголемиот е во урбана средина и има услови за работа и постигнува успеси, додека другите пет се во рурална средина и се соочуваат со проблеми.

**Иван Стојовиќ** е повеќегодишен претседател на огранокот на Општина Ранковци. Овој огранок опфаќа повеќе населени места меѓу кои се Ранковци, Радибуш, Криви Камен, Герман, П’клиште, Вржгрнци, Отошница, Опила, Цетуница и Станча. Главен проблем е немањето простор за дневен престој на пензионерите и за одржување на состаноци. Огранокот апелира до матичното здружение за изнаоѓање на простор со локалната власт на Општина Ранковци, со што информираноста и активностите на пензионерите би се подобриле. Соработката со Здружението е на завидно ниво.

**Борис Алексовски** е нов претседател на огранокот Добровница. Огранокот ги опфаќа планинските населени места Добровница, Голема и Мала Црцорија, Луке, Подржиконь и Крстов Дол. И овој огранок нема клуб за дневен престој, но состаноците ги одржуваат во просториите на училиштето на кои ги информираат пензионерите за новините кои се случуваат во Здружението.

**Александар Антовски** е исто така нов претседател на огранокот на Мождивњак, каде влегуваат населбите: Мождивњак, Борово, Т’лминци, Баштево и Длабочица. Информираноста тешко се остварува зашто немаат никаков простор кој би можел да се адаптира за оваа намена. Средбите и состаноците ги одржуваат на отворено или кај некој од пензионерите во нивниот дом.

**Мирче Пешовски** е нов претседател на огранокот Жидилово, кој ги опфаќа населените места: Жидилово, Кркља, Узем, Костур и Трново. Со оглед на распространетоста на пензионерите, огранокот состаноците и средбите ги одржува во училиштето во Жидилово при што ги информира своите членови за активностите на здружението.

**Добри Јовановски** е претседател на огранокот Петралица кој ги опфаќа следните села: Петралица, Гиновци, П’сача, Баратлија, Одрено, Љубинци и Милутинци. За разлика од другите ограноци Јовановски истакнува дека има простор кој е слободен, но треба да се утврди сопственоста. Тоа е поранешна пошта и се надеваат дека раководството на здружението ќе помогне да го добијат просторот за да го адаптираат во клуб за дневен престој на пензионерите. Во моментот состаноците и средбите ги одржуваат како ќе се снајдат.

За разлика од огранокот во Крива Паланка, во овие ограноци пензионерите кои се повитални им помагаат на болните и постарите, во домашната работа, зашто во некои населени места тие живеат сами што им претставува основен проблем, потоа немање амбуланти на терен и подвижни аптеки од каде би ги подигале лековите.

**Б.С.**

# ТОДОРОВДЕН / ТОДОРИЦА

ТОДОРОВ ПЕТОК И ТОДОРОВА САБОТА







Првата седмица од велигденскиот пост во етнографскиот предел Радовишко, познат е како Тодорова недела, која е доста богата со обредни активности. Петокот и саботата, познати како Тодоров петок и Тодорова сабота, посебно се богати со разни обичаи и верувања.

Во црковниот календар постои празник Св. великомаченик Теодор Тирон, што се паѓа на 17.II/12.III, но во народниот календар нема никакво значење, само се врзува со првата сабота од Великиот пост кој како подвижен, варира од 20–ти февруари до 26–ти март, по новиот календар.

Во седмицата пред Тодоровден не се јаде лук и ореви.

ТОДОРОВА ПОГАЧА

Во петок спроти Тодорова сабота во семејствата од руралната средина на Радовишко, традиционално се меси Тодорова погача.

Погачата е посна и на еднаиот крај има живо бело јајце (бидејќи е „посно“, некои не ставаат јајце), неколку ореви и неколку глави бел лук, а околу нив се става купчиња сол – своевидни животни симболи кои зборуваат, изразуваат далеку повеќе од визуелната претстава.

Погачата завиткана во пешкир на глава, невестите земени во тековната година, заедно со своите свекрви и други жени од селото, вечерта ја носат во црква. Со погачата носат и варена немелена пченка без шеќер и посен грав во грне или „ракатки“ (земјен сад со две грненца споени со една рачка). Едното грненце е празно за раздавник.

Во оние села каде што има активна црква, свекрвите ги „воведуваат невестите во црква“, а невестите се поклонуваат на вратата, пред иконата на Богородица и пред олтарот.

Потоа се прави заедничка обредна вечера. Пред црквата, на „тремот“, секое семејство има свое место. На земјата се постила „ирамче“ покриено со пешкирот од погачата каде што се остава погачата со запалена свеќа, варената пченка и посниот грав. Така се формира трпеза од женскиот дел на селската заедница.

Откако свештеното лице ќе ги „прекáде“ погачите, жените кршат од погачите и делат мали парчиња на присутните во црквата. Девојчињата и момчињата „крадат“ од три погачи на оние кои се венчани во текот на годината. Парченцата од погачата се ставаат под перницата велејќи: „Кој ми е нарèчен нека дојде ваа вечер на сон.“

Оваа формула со магиска мисла е еден вид мултиплицирање на барањата од желбите на момчињата и девојчињата упатени кон силите што управуваат со природата.

Младите невести се клањаат кон сонцето (кон исток) на почетокот, на средината и на крајот од трпезата или само пред нивното место. Невестите на присутните им бакнуваат рака, кои ги даруваат со „паричка“, погача, пченка... По нив одат свекрвите.

Во село Сулдурци варената пченка се раздава меѓу луѓето во црквата. Девојките без да бидат забележани, „крадат“ од пченката која што ја ставаат под перница да го сонат оној што и е на среќа.

Делот од погачата со јајцето, оревите, лукот и солта, се остава за дома. Утредента на Тодорова сабота, се поделува на членовите од семејството и на стоката за здравје.

Во симболичниот јазик, јајцето е извор на живот, еден од симболите на периодичната обнова, на повторното раѓање, кое се крши „за од уроци“ на воловите и коњите. Од лукот се каснува „за од змии“ и прогонување на лошите духови, а од оревот за болестите на грлото и кашлицата кај децата.

Во сабота наутро солта се става во храната на воловите и останатата стока, со која се закрмуваат.

И во денешно време во руралната средина традиционално се одбележува Тодоров ден со редуцирани обреди и обичаи во кои задолжително е присутна „Тодоровата погача“.

Во с. Воиславци постои манастир „Св. Тодор“ и селото во недела има селска слава.

И селото Раклиш на Тодоровден има селска слава. Во недела граѓаните оделе на собир „саи’р“ во с. Раклиш каде во секоја куќа се чекале гости, а попладне на средсело се играло оро придружено со свирки од зурли и тапани. Оваа традиција постепено се губи.

Во градот се слави само како именден на Тодоровци.

**Павлина Кошевац**

ЗП Солидарност – Аеродром

# Одбележување на денот „Умрело дете за кора“

На 29.02.2020 година по петти пат се одбележа денот пред Прочка насловен како „Умрело дете за кора“. Ова одбележување прв пат започна во 2016 година во огранокот „Јане Сандански“ при ЗП Солидарност – Аеродром – Скопје на иницијатива на нашите активистки Стана Попова и Слободанка Николовска. Тие заедно со останатите пензионерки успеаа да воспостават ваков ден на кој се месат пити, баници, погачи и слично, во спомен на детето кое починало за кора (пита) бидејќи семејството му било сиромашно и немале од што да направат пита.



На иницијатива на Активот на пензионерки на овој ден за прв пат беа поканети и претседателки на Активите на пензионерки од други здруженија од Скопје за заедничко одбележување на овој ден. Присуствуваа претседателките од ЗП Бутел, ЗП ЗП Тафталиџе, Илинден и ЗП Воени пензионери. Останатите другите поканети претседателки не присуствуваа од оправдани причини. Гостинките беа поздравени од претседателката на Активот на пензионерки **Марија Мишковска** и претседателките на клубот Јане Сандански **Виолета Кусева**. Потоа претседателката на Активот прочита краток текст за значењето на обичаите и подготовка на празниците што следат. Гостинките и останатите пензионерки се заблагодарија за убавиот пречек и изразија желба за понатамошна соработка. Од приготвените месени пити, погачи и кифли сите се почестија, а дел од нив беа донирани за пензионерки членки на здружението кои не можеа да присуствуваат на одбележувањето на овој ден.

**М. М.**

ЗП Делчево

# Промовиран Алманахот „Творам - постојам“

Неодамна во градската киносала беше промовиран Алманахот „Творам – постојам“. Тој ден беше празник за членовите на Здружението на роднокрајни автори „Пијанечки глас“ од Делчево, како и за љубителите на убавиот пишан збор.



Во Алманахот „Творам – постојам“ се застапени дваесет литературни творци од Пијанечкиот регион со поезија, проза, хумор и сатира и собирачка дејност.

Алманахот, во обем од 135 страници, издаден е со финансиска поткрепа од Општина Делчево, а го промовираше пензионерката и претседателка на ЗРА „Пијанеки глас“, **Перса Стојановска**.

– Здружението на роднокрајни автори „Пијанечки глас“ во своите редови ги обединува роднокрајните автори од сите возрасти почнувајќи од ученици во основните и средните училишта, студенти, работници, па се до пензионерите. Во оваа книга се застапени дванаесет поети, тројца прозаисти, тројца хумористи и сатиричари и двајца собирачи на народни умотворби, – истакна Стојановска.

Во првиот дел се претставени поетите: Васил Маневски, Стеван Спасовски, Ѓорѓи Богевски, Перса Стојановска, Билјана Поповска, Христина Деолска, Сабри Демиров, Весна Дончевска, Билјана Начовски, Виолета Величковска, Ана Димитровска и Кети Ангеловска. Во второто – прозното поглавје, се презентирани извадоци од романите: „Македон“ на Славчо Десподов, „Тунел“, „Петра“ и „Алтан“ на Павлинка Ѓорѓијоска, а со раскази и извадоци од филмски сценарија е претставен режисерот Андреј Волкашин. Со хумористично-сатирични текстови и афоризми се застапени: Крум Николовски, Миле Ѓорѓијоски и Наташа Ќурчиска. Последниот, четврти дел на Алманахот е посветен на собирачката дејност и во него се објавени по десетина народни песни, гатанки, пословици, забележани во собирачкиот опус на заљубениците во фолклорот од Пијанечко–малешевскиот крај: Димитар Стојчевски и Димитар Узунски.

Посебен штимунг на промоцијата на Алманахот даде артистката **Зорица Нушева**, носителката на главната ролја во филмот „Господ постои името и е Петрунија“, која читаше текстови од оправдано отсутните роднокрајни автори.

За авторите, пензионери, ќе бидат организирани литературни средби во ЗП Делчево, ЗП Македонска Каменица, ЗП Пехчево и ЗП Берово.

**Васил Маневски**

ЗП Штип

# Пензионерски прилози во библиографија за 2018 година

Во НУ–УБ „Гоце Делчев“ во Штип, на 4.2.2020 година, се одржа промоција на Роднокрајната библиографија „Штип и штипјани во дневните весници и списанија“ за 2018 година. На промоцијата присуствуваа, застапените новинари, граѓани, пензионери и секретарот на ЗП Штип Димитар Јаковлев. Модераторот **Соња Манева**, ја нагласи идејата како почеток со формирањето на роднокрајното одделение од Трајко Пиков и Љупчо Стојменски и собирањето, документи, дела и весници кои во 2017 година за првпат се публикувани во роднокрајна библиографија. Директорот **Зоран Костовски**, ги поздрави присутните, се заблагодари на застапените новинари и нагласи, дека не случајно се поклопува раѓањето на патронот на библиотеката „Гоце Делчев“ со раѓањето на ова второ издание на Библиографијата за 2018 година, со желба да излезе и наредната за 2019.




– Мора да ја нагласам макотрпната работа на составувачите Жаклина Петрушева и Ирена Јорданова, рецензентот д–р Милена Ристова – Михајловска, а компјутерската обработка е на Драган Ѓорѓиев, – рече Михајловски.

Оваа библиографија содржи 1.100 библиографски единици на 285 страни, а во статиите се застапени наши граѓани, спортисти, настани, успеси, лични статии и изјави, застапени се и пензионери со своите активности во Здружението и нивните успеси. Застапени се повеќе локални весници, како и весникот „Пензионер плус“ и „Пензионерски видици“ додаток на „Нова Македонија“ со прилози од дописникот Цвета Спасикова од Штип.

Рецензентот д–р Милена Ристова – Михајловска, го нагласи значењето на оваа библиографија за градот Штип и пошироко, зашто COBISS програмот ги поврзува сите библиотеки.

– Печатените медиуми се трајни во однос на електронските, каде што често некои делови се бришат. Книгата има друга тежина, има регистар на автори и пребарувањето е едноставно, – додаде Михајловска. Најзастапениот во библиографијата Иван Бојаџиски, се заблагодари од името на сите застапени.

По повод раѓањето на великанот Гоце Делчев, во градот под Исарот, во револуционерното Ново Село, граѓани, институции и пензионери, оддадоа почит на неговото дело, а делегации положија свежо цвеќе пред релјефот кај Гоцевото училиште.

**Ц.С.**

ЗП Прилеп

# Промоција на монографијата „35 години Мариовско-мегленски културни средби“

Во фоајето на Центарот за култура „Марко Цепенков“ во Прилеп пред поголем број љубители на пишаниот збор, а посебно пред дел од учесниците на манифестацијата на 22 февруари беше промовирана монографијата на авторот Стојан Ѓуроски, со наслов „35 години Мариовско – Мегленски културни средби“.

Во оваа интересна книга отсликана е 35 годишната работа на здружението „Мариовско – Мегленски културни средби“, чија цел е преку овој пишан запис да се стави акцент на традицијата која ја негуваат овие средби во прилепскиот дел од Мариово и Меглен во соседна Грција.

На 135 страници опфатени се сите значајни периоди од досегашната работа на здружението, а акцент е ставен преку пишан збор и фотографии и на Мариовскиот и Мегленскиот крај. Промотори на монографијата беа професорите **д-р Јорде Јаќимовски** и **д-р Осман Кадриу**.



Издавањето на монографијата е значајно, бидејќи станува збор за дело во кое на систематизиран начин се пренесуваат најзначајните периоди од развојот на средбите кои се одржуваат во еден од најретко населените, а по територија најголем регион во државата – Мариово. Треба да се каже дека авторот Стојан Ѓуровски е долги години претседател на Здружението и организатор на средбите што се одржуваат секоја година во централното населено место на Мариово – Витолиште, а последниве години во кругот на манастирот „Св. Илија“ пред родното село Мелница на познатиот писател од овој крај, Стале Попов. Стојан Ѓуровски е активен член на ЗП Прилеп и пензионер кој долги години ги следи овие интересни средби на кои доаѓаат учесници од речиси цела Македонија.

Издавањето на монографијата „35 години Мариовско – мегленски културни средби“, е помогнато од Министерството за култура и АД „Витаминка“ – Прилеп.

**К.Р.**



Mbledhje e Kuvendit të SHP Komuna Saraj

# Janë aprovuar dokumente të rëndësishme

Shoqata e pensionistëve Komuna Saraj, më 14.03.2020, ka mbajtur Kuvendin e rregullt vjetor me të cilën ka drejtuar kryetari i Kuvendit Baki Bakiu. Në mbledhje janë shqyrtuar: Raporti për punë të organeve dhe trupave të shoqatës, Raporti Financiar dhe Llogaria vjetore për vitin 2019 si dhe Plani financiar dhe Programi për punë në vitin 2020.



Përveç anëtarëve të Kuvendit, të KE dhe kryetarëve të degëve, kanë marrë pjesë: Metodija Novkovski, kryetari i SHP Tetovë Selver Memeti me bashkëpunëtorë, kryetari i SHP Gostivar, Nijazi Xhelili me bashkëpunëtorë, kryetari i SHPI Saraj, Lutfi Kabashi dhe kryetari i SHPI Çair Ismet Mustafa me bashkëpunëtorë.

Kryetari i Kuvendit Baki Bakiu, pas miratimit të rendit të ditës dhe marrjen të pëlqimit që të diskutohet për të gjitha dokumentet, ndërkaq votimi të bëhet veç e veç, ai për secilin dokument ka dhënë arsyetim të shkurtër duke përfunduar se viti që shkoi ishte shumë i suksesshëm falë angazhimit të strukturave në organet drejtuese. Programi për punë është realizuar tërësisht, Raporti financiar në korniza të parashikimeve. Ndërkaq, Plani financiar dhe programi për punë në vitin 2020 janë përpiluar në bazë të atyre të vitit të kaluar dhe Statutit të Shoqatës. Për punën financiare të Shoqatës në vitin 2019, raport ka dhënë kryetari i KM, Bedri Tairi.

Kryetari i KE i Shoqatës Mahir Duraku, ndër të tjera ka folur për punën e Këshillit ekzekutiv në vitin raportues duke theksuar se ishte bartës kryesorë i aktiviteteve programore. Metodija Novkovski, ka folur për çështjet shëndetësore të moshës së tretë etj. Selver Memeti, kryetar i SHP Tetovë, në emër të shoqatës ka uruar për sukseset e arritura duke dëshiruar shëndet në punën e ardhshme. Kryetari i SHP Gostivar Nijazi Xhjelili, ka folur për nevojën e rritjes së pensioneve dhe për disa çështje tjera që kanë të bëjnë për të mirën e pensionistëve. Sekretari i KE Imer Jakupi, ka folur për aktivitetet e përditëshme të shoqatës.

Në fund, me votim të hapur dhe veç e veç, janë aprovuar: Raporti për punë dhe Raporti financiar për vitin 2019, Vendimi për Llogarinë përfundimtare për vitin 2019 si dhe Plani financiar dhe Programi për punë në vitin 2020.

**B.B.**

# Kuvendi i jashtëzakonshëm i SHP Dibër - Qendër Zhupë

Shoqata e pensionistëve Dibër - Qendër Zhupë, për shkak të ndarjes nga jeta të kryetarit të saj Xhavit Karpuzi, para disa ditësh mbajti kuvend të jashtëzakonshëm në të cilën për kryetar të ri ka zgjedhur Petrit Imamin.



Në kuvendin e jashtëzakonshëm të kësaj shoqate e cila ka afro 2 mijë anëtarë nga komunat Dibër dhe Qendër Zhupë, përveç kryetarit të ri **Petrit Imami** i cili është i lindur në vitin 1948 dhe me profesion është ekonomist i diplomuar, për delegat të Lidhjen e shoqatave të pensionistëve të Republikës së Maqedonisë së Veriut është zgjedhur **Avni Ramadanoski**. Në këtë kuvend siç na informoi kryetari i ri është debatuar në lidhje me vazhdimin e punës të drejtuesve, Këshillit drejtues dhe komisioneve në tre vitet e ardhshme. Imami thotë se kryesia do të realizoj të gjithë aktivitetet të cilët dalin nga programi i punës për vitin 2020 por edhe për përcaktimet që dalin nga statuti i shoqatës në fjalë.

Kuvendi i jashtëzakonshëm u mbajt me qëllim që të plotësohet vendi vakant i kryetarit të shoqatës. Tani i ndjeri Xhavit Karpuzi ndërroi jetë në mandatin e dytë të funksionit kryetar i shoqatës të pensionistëve Dibër - Qendër Zhupë. Gjatë mandatit të tij respektivisht në vitin 2019 u mundësua legalizimi i objektit të shtëpisë së pensionistëve në Dibër dhe tani ky objekt i ndërtuar viteve të 70-ta është në pronësi të Shoqatës së pensionistëve Dibër - Qendër Zhupë. I ndjeri Karpuzi ishte edhe delegat në kuvendin qendror të Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të RMV.

Shoqata në fjalë mbulon aktivitetet e pensionistëve të komunës Dibër dhe komunës rurale Qendër Zhupë. Nga afro 2 mijë anëtarë të shoqatës, diçka më shumë se 1500 janë pensionist të komunës Dibër kurse mbi 400 pensionist të komunës rurale Qendër Zhupë. Me qëllim që të kenë aktivitete në vendin e tyre pensionistët e komunës Qendër Zhupë, kanë më edhe shtëpinë e tyre të pensionistëve në objektin të pushtetit vendor në Qendër Zhupë.

**Vjollca Sadiku**

Mbledhja e shtatë e Këshillit ekzekutiv i LSHPM

# Përmes diskutimit u miratuan rezultatet raportuese për 2019

Më 28.2.2020, është mbajtur mbledhja 7. e Këshillit ekzekutiv i LSHPM. Në mbledhje janë sjellë dhe shqyrtuar më tepër çështje dhe vendime të lidhura me punën dhe aktivitetet e Lidhjes, por mbledhja ishte përgatitore për mbledhjen e ardhshme të Kuvendit të LSHPM. Në mbledhje, krahas anëtarëve kanë marrë pjesë: kryetari i Kuvendit të LSHPM m-r Ilija Adamovski, kryetari i Këshillit mbikëqyrës Mitre Stojanovski, kryetari i Komisionit për sport dhe rekreim Zdravko Petkovski dhe Petar Andreevski, kontabilist në LSHPM. Sipas praktikës së vënë, kryetari i Lidhjes **Stanka Trajkova**, ka numëruar dhe shkurtimisht ka arsyetuar aktivitetet e Lidhjes në mes dy mbledhjeve me ç'rast ajo ka thënë: Është nënshkruar Memorandum bashkëpunimi në mes të Lidhjes dhe ZELS; Komisioni për sport dhe rekreim ka mbajtur mbledhje në të cilën janë përgatitur ndryshimet dhe plotësimet e rregullores ekzistuese për sport dhe aktivitete sportive; Është marrë ftesë nga Republika e Serbisë për pjesëmarrjen e Republikës së Maqedonisë Veriore





Në projektin "Evropa Kreative", Lëvizje Evropiane për aktivitete të personave të moshës së tretë. Në projekt do të marrin pjesë R e Serbisë, R e Sllovenisë, R e Bullgarisë dhe R e Bosnjës Hercegovinës. Projekti do të financohet nga fondet evropiane, ndërkaq në të do të përfshihen 5 fusha kulturore; Komisioni për shëndetësi dhe politikë sociale ka dërguar pyetësorë te të gjitha shoqatat për punën e klubeve të pensionistëve të cilat janë në përpunim e sipër. Fillojnë edhe përgatitjet për Olimpiadën sportive ballkanike e cila do të mbahet në R e Serisë, në Vërnjaçka Banja.

Pas fjalëve të Trajkovës, mbledhja është zhvilluar me aprovimin njëzëshëm të procesverbalit të mbledhjes së 6 dhe u propozua rend dite.

Për Propozim-Raportin për punën e Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë për vitin 2019, fjalë hyrëse ka dhënë kryetarja e Lidhjes, **Stanka Trajkova**. Ajo ndër të tjerat ka thënë:

- Në Raport janë dhënë të gjitha përmbajtjet për punët e kryera brenda një viti nga ana e kësaj përbërje të re. Është dhënë arsyetimi i të gjitha aktivitetet të cilat janë realizuar në periudhën e kaluar. Në pjesën e parë janë treguar realizimet e aktiviteteve programore, më pas janë dhënë të dhëna statistikore për numrin e shfrytëzuesve të pensionit, pensionet mesatare, shpërndarja e anëtarësisë, harmonizimi i pensioneve. Në lidhje me harmonizimin e pensioneve, janë treguar aktivitetet e Lidhjes me Ministren e atëhershme e MPPS, më pas janë realizuar takime të drejtpërdrejta me premierin e atëhershëm në Qeverinë e R M Veriore Zoran Zaev, si dhe takim në Lidhjen me premierin e atëhershëm Zoran Zaev dhe ministrin Venko Filipçe, ku janë thënë të gjitha kërkesat në interes të shfrytëzuesve të pensionit. Si rezultat i aktiviteteve nga ana e Lidhjes, si dhe situatën e re të krijuar me rritjen e rrogës minimale dhe rrogat e të punësuarve është sjellë edhe Vendim për rritjen e pensioneve edhe me rritjen e rrogave për 5% për kohën nga 1 janari 2020. Kanë vazhduar aktivitetet edhe në lidhje me sjelljen e Ligjit për organizimin pensionist që ishte premtuar në programin zgjedhorë.

Është dhënë mbështetje materiale shoqatave të pensionistëve të cilat janë nikoqire të revyaleve dhe garave sportive, shoqatave të cilat kanë organizuar takime pensionistësh, si dhe shoqatave më të vogla të cilat kanë hapur klube për pensionistët ose që kanë bërë adaptime të klubeve ose lokaleve të punës. Është përgatitur Rregullore për mbështetje materiale për shoqatat e pensionistëve, si dhe Rregullore për veprimtari botuese dhe krijuese. Vend i posaçëm në punën e Lidhjes në vitin 2019 i është kushtuar punës së organizatës së regjistruar për fondin solidar dhe anëtarësinë. Është bërë saktësim i të dhënave për anëtarët e shoqatave, me ç'rast është bërë shifrimi i mbi 90 000 anëtarëve të cilët të drejtën e pensionit e kanë realizuar nga 15.02.2015 deri më 30.06.2019, ndërkaq për momentin punohet në shifrimin e anëtarësisë nga 1 korriku deri më 31 dhjetor 2019. Revyalet e këngës, muzikës dhe valleve janë realizuar me sukses, si dhe garat sportive për vitin 2019. Dy shoqatat më të mira, Gazi Baba dhe Vinica e kanë përfaqësuar Lidhjen dhe shtetin tonë në festivalin në Lubjanë. Në festival, shef i delegacionit ishte Gjorgi Andonov i cili ka pranuar dhuratën për përfaqësimin 10 - vjeçar të Lidhjes në festival.

Kryetari **m-r Ilija Adamovski**, në diskutimin e tij ka potencuar se Raporti është përgatitur mirë, dhe se kështu Raport mirë të përgatitur në dy mandatet e kaluara respektivisht 8 vite nuk ka pasur. Pas diskutimit të kryetarit, kanë marrë pjesë më tepër delegatë. Raporti është vlerësuar si gjithëpërfshirës dhe me vërejtje të vogla është aprovuar.

Për Raportin financiar, për të hyrat dhe të dalat në Lidhje në vitin 2019, arsyetim të shkurtër ka dhënë sekretari **Menka Temelkovska**, e cila ka theksuar se në vitin e kaluar janë realizuar të ardhura në sasi prej 9.132.282 denarë. Harxhimet e përgjithshme janë realizuar në sasi prej 7.567.982 denarë, të cilat janë më të uléta në krahasim me të planifikuarat dhe realizuarat në vitin 2018, çka do të thotë se është kursyer dhe racionalisht janë shfrytëzuar mjetet.

Për Planin financiar arsyetim të shkurtër ka dhënë edhe kryetari i Këshillit mbikëqyrës Mitre Stojanovski. Ai ka potencuar se të hyrat dhe të dalat e realizuara të Lidhjes realisht janë treguar, ndërkaq teprica e të ardhurave mbi harxhimet të radhiten për nevoja tjera, respektivisht të shfrytëzohen për komponenta zhvillimore. Pas diskutimit të disave, Raporti financiar është aprovuar njëzëri si dhe Llogaria përfundimtare.

Për Propozim-Rregulloren për ndryshime dhe plotësime të Rregullores për lojërat sportive të pensionistëve, arsyetim të shkurtër për nevojën e ndryshimeve ka dhënë kryetari i Komisionit për sport dhe rekreim **Zdravko Petkovski**. Në mbledhje janë caktuar edhe nikoqirët të garave sportive jubilare të 25 regjionale dhe Republikane dhe nikoqirë të revyaleve regjionale të këngës, muzikës dhe valleve si dhe përbërja e Këshillave organizative.

Kërkesa për ndihmë i shoqatave Tetovë, Bogdanc, dhe Veles, janë aprovuar njëzëri, ndërkaq kërkesa e SHP Ohër dhe Debarcë, është refuzuar me 2 vota kundër dhe 1 të përmbajtur nga shkaku se nuk është në korniza të Rregullores për mbështetje të aktiviteteve të shoqatave të vogla.

Për informim të rezultateve nga pyetësori për tu shprehur shoqatat e pensionistëve - anëtare të LSHPM për format e informimit, fjalë hyrëse ka dhënë nënkryetari **Mentor Qoku**, i cili ka thënë se pas analizave të bëra të rezultateve, 29 shoqata nuk duan të informohen përmes "Pikëpamje pensioniste" ndërkaq, për "po" janë deklaruar 23 shoqata. Sa i përket gazetës "KOHA", nga 16 shoqata që e marrin "KOHËN", 11 duan ta marrin, ndërkaq 5, nuk duan. Informacioni është aprovuar me një votë kundër.

Më pastaj janë sjellë këto konkluzione: Nga 1 marsi të mos dalin "Pikëpamje pensionistësh", ndërkaq, në "KOHA" edhe më tej të del një faqe në gjuhën shqipe, por secila shoqatë të marri faturë dhe ajo vetë ta bëj pagesën, e jo sikur deri më tani t' ju hiqet nga anëtarësia. Gjithashtu të nënshkruhet kontratë me gazetën "KOHA". Me Trupin koordinues të Aktivit të pensionisteve të drejtojë Marija Monevska, nga se Angelina Risteska, ka probleme shëndetësore. Propozimi është aprovuar njëzëri. Deri te shoqatat të dërgohen rekomandime lidhur me KORONA virusi. Për këto rekomandime të informohen organet e Shoqatës së pensionistëve që të veprojnë sipas tyre.

**Kalina S. Andonova**

# Me përfaqësues të Ministrisë për shëndetësi është bërë marrëveshje ndryshimi i kritereve shëndetësore për vazhdimin e lejet për vozitje për pensionistët

Komisioni për shëndetësi dhe politikë sociale, në vitin 2019, ka dërguar kërkesë deri te Ministria e shëndetësisë, për ndërrimin e Rregullores për kritere shëndetësore të cilat duhet t'i plotësojnë vozitësit më të rritur. Pas disa kërkesave dhe kontakteve, më 17.2.2020 erdhi deri në takim me delegacionin nga Ministria për shëndetësi në lokalet e LSHPM.

Në takim, nga ana e Ministrisë për shëndetësi kanë marrë pjesë **Anka Georgievska**, udhëheqës i Sektorit juridiko-normativ, dhe **Dejan Nikollovski**, udhëheqës i Dhomës për normativë-juridike dhe punë juridike. Në emër të LSHPM mysafirët i ka përshëndetur **Mentor Qoku**, nënkryetar i Këshillit ekzekutiv i LSHPM, ndërkaq në bisedimet për Rregulloren ka marrë pjesë kryetari i Komisionit për shëndetësi dhe politikë sociale **d-r Stojançe Stefanovski** dhe anëtari i komisionit **d-r Dimitar Dimitrievski**.

Përfaqësuesve të Ministrisë për shëndetësi u është prezantuar problemi i Rregullores aktuale të vjetruar për vlerësimin e aftësisë shëndetësore për vozitësit të cilët janë të moshuar rreth 40 vjeç, dhe me përdorimin e saj pensionistët vozitës gjenden në kontrollime më të shpeshta shëndetësore harxhime plotësuese për vazhdimin e lejes për vozitje.

Kërkesa e Komisionit për shëndetësi si kompetente për sjelljen e kësaj Rregulloreje, është që i njëjti të harmonizohet me kriteret shëndetësore për vozitës të cilët UE me dispozita të saj ka definuar para 5-10 viteve dhe të cilat janë vënë në rregulloret nacionale në vendet e UE. Përfaqësuesve të Ministrisë u është prezantuar rregullore nga shtete të UE të cilat Komisioni për shëndetësi i LSHPM i ka analizuar dhe u është thënë në diferencat të cilat ekzistojnë dhe mangësitë të cilat janë në rregulloren maqedonase.

Përfaqësuesit e Ministrisë kanë pranuar vërejtjet e Komisionit dhe kanë shprehur gatishmëri që të fillohet procedura për ndërrimin e Rregullores. Përfaqësuesit e Komisionit të LSHPM kanë dhënë vërejtjet se LSHPM nuk ka resurse për përkthyes gjyqësor të dokumenteve nga UE, megjithatë kanë pranuar sugjerimin që LSHPM të përgatis Propozim-Rregullore të cilin ta dërgojë në Ministrinë e shëndetësisë. Rregullorja ta thjeshtësojë dhe ta bëj më të lirë procedurën për vazhdimin e lejes për vozitje.

**d-r Dimitar Dimitrievski**

SHP Çair

# Përpjekje për suksese më të mëdha

Puna e SHP Çair për vitin 2019, është shqyrtuar në mënyrë konstruktive në mbledhjen e Kuvendit të shoqatës në fjalë, e cila është mbajtur më 27 shkurt 2020. Në mbledhjen janë shqyrtuar dhe miratuar: Statuti i SHP Çair, Raporti vjetor për realizimin e qëllimeve dhe detyrave dhe aktivitetet, Llogaria përfundimtare për vitin 2019, Raporti i Këshillit mbikëqyrës si dhe Programi për punë dhe Plani financiar për vitin 2020. Me mbledhjen ka drejtuar kryetari i Kuvendit **Rauf Hamidi**, i cili në fillim ka theksuar se me punën me nikoqirllëk dhe harxhimit racional të mjeteve, të gjitha detyrat dhe aktivitetet e planifikuara në vitin e kaluar janë realizuar me sukses.

Fjalë hyrëse për raportin vjetor ka dhënë koordinatori **Todor Iliev**. Ai ka sqaruar të gjitha aktivitetet të cilat ishin të planifikuara dhe të realizuara për vitin 2019, me ç'rast ka theksuar se në vitin e kaluar shoqata ka realizuar deri tani punë shumë të suksesshme, posaçërisht në realizimin e të drejtave të pensionistëve në fushën e mbrojtjes shëndetësore dhe pensioniste, në fushën kulturore-zbavitëse dhe atë sportive, pushimit dhe rekreimit, në ndarjen e ndihmës humanitare, ekskursionet si dhe në informimin, ku kanë qenë të kyçur numër i madh pensionistësh.

Për Programin për vitin 2020, ka folur kryetari i SHP Çair dhe nënkryetar i KE në LSHPM **Mentor Qoku**, i cili ka theksuar se vend kryesor i është dhënë sociales, rekreimit klimatik në banjat dhe rekreimet sportive, revyaleve etj. Ai ndër të tjerat ka theksuar se reprezentim i ngjarjeve kulturore është gjithsesi kori dhe grupi këngëtar në gjuhën shqipe, me të cilën shoqata përfaqësohet në revyalet regjionale dhe republikane të këngëve, muzikës dhe valleve të cilat i organizon LSHPM. Theks i është dhënë punës së degëve dhe të klubeve.

Është vlerësuar me sukses edhe puna financiare. Të hyrat dhe të dalat janë realizuar në korniza të planifikimit dhe viti ka përfunduar me saldo pozitive. Kryetari i Këshillit mbikëqyrës **Violeta Shishkova**, ka informuar të pranishmit se anëtarët e Këshillit mbikëqyrës, se puna financiare dhe ajo materiale është kryer në pajtim me rregullat ekzistuese ligjore, ndërkaq, mjetet janë harxhuar në pajtim me Planin financiar vjetor, në mënyrë ekonomike, me nikoqirllëk dhe rreptësishtë sipas asaj për çka janë dedikuar.

Në diskutim për këto dokumente kanë marrë pjesë më shumë diskutues të cilët kanë paraqitur mendimet dhe propozimet e tyre për përmirësimin dhe përparimin e punës së Shoqatës.

**Vasil Paçemski**

# Исфрлете ги овие производи од вашиот дом

**1. Освежувачи на воздухот -** Во еден освежувач на воздух кој го вклучуваме повремено да испушта пријатен мирис и да убави бактерии, има преку 20 штетни компоненти, а 7 од нив се отровни. Производите со мирис не мора да имааат етикета со попис на состојките, па затоа мора да бидете крајно внимателни поради ризикот на кој се изложувате.

**2. Производи за чистење -** Производите со кои го одржуваме нашиот дом чист може да содржат отровни материи. Од 2500 производи преку една четвртина имаат канцерогени состојки, покажало едно истражувањето во Америка. Најдобро е да чистите со оцет и сода бикарбона.

**3. Миризливи омекнувачи во ливчиња -** Благодарение на овие ливчиња, алиштата од сушилница се меки и миризливи. Сепак, мирисот во нив може да претставува ризик за здравјето бидејќи токсините од ливчињата преминуваат на облеката и на тој начин и на кожата. Група за зачувување на околината, тестирала 25 миризливи производи за домаќинството. Половина од производите имале барем една канцерогена состојка.

**4. Пестициди -** Ако имате проблеми со одгледување овошки и зеленчук во вашата градина, поради пиреј, инсекти или мали животинки, веројатно употребувате некои пестициди за да го потпомогнете растот и да ги уништите штетниците. Пестицидите се канцерогени. Не се знае точно кои состојки претставуваат ризик, но некои хемикалии како глифосат се честа состојка во пестицидите.

**5. Прехрамбени бои -** Секоја процесирана храна, напиток, витамин или диететски адитив содржи вештачки бои. Од 1955 употребата на боја е зголемена за пет пати. Некои од прехранбените бои не се опасни за луѓето, но некои научници мислат дека на вештачките бои во храната не им е место.

**6. Влажни креми -** Секојдневно навлажнување на кожата е добро за нега, но многу креми за лице содржат парабени, а тоа се докажано канцерогени хемикалии. Овие вообичаени заштитни материи се употребуваат во течните пудри, креми и производи против стареењето. Парабените влијаат на естрогенот, а премногу естроген може да поттикне раст на тумор.

**7. Средства за перење алишта -** Мораме да ги переме алиштата, а средствата за перење веројатно ја имаат хемикалијата 1.4 диоксан, која ја има и во течностите за ладење на автомобилите, во козметиката, во средсвата за миење, па дури и во воздухот кој го вдишуваме. Студиите покажуваат дека животните изложени на оваа хемикалија низ текот на животот поверојатно заболуваат од тумор. Има истражување според кое и водата за пиење е еден од најголемите извори на кои сме изложени од оваа хемикалија.

**8. Лак за нокти -** Мажите можеби за ова не треба да се грижат, но жените кои сакаат да имаат лакирани нокти можеби мораат да размислат што употребуваат. Многу лакови содржат во себе формалалдехид кој го зголемува ризикот за настанување на карцином.

**9. Миризливи свеќи -** Ако палењето миризливисвеќи ви е омилен начин за отстранување на непријатниот мирис во вашиот дом, тоа може да биде штетно за вашето здравје. **Т.Г.**

# Магнезиумот - извонреден минерал

Магнезиумот заедно со калиумот, калциумот и натриумот се основните елементи неопходни за правилно функционирање на организмот на човекот. Вашето тело не го произведува овој важен минерал. Поради тоа, потребно е секојдневно да консумирате храна, богата со магнезиум. Повеќето јаткасти плодови содржат магнезиум.

**Зошто ни е потребен магнезиум? -** Магнезиумот игра важна улога во работата на кардиоваскуларниот систем, нервниот систем, мускулите, бубрезите, црниот дроб, жлездите што лачат хормони и мозокот. Тој се апсорбира преку цревата и потоа со помош на крвта се транспортира до клетките и органите, каде што се складира. Денес научниците веруваат дека магнезиумот помага во превенцијата и лекувањето на многу болести како астма, аутизам, срцеви заболувања, епилепсија, ХИВ/Сида, мултиплекс склероза, ПМС и лупус.

**Симптоми при недостиг на магнезиум -** Магнезиумот учествува во различни реакции и функции на организмот. Две третини или 60% од магнезиумот во телото се наоѓа во коските, 35% во срцевиот мускул и скелетните мускули, а остатокот во бубрезите, црниот дроб и мозокот. Поради тоа, симптомите при недостиг на магнезиум се најразлични. Најчести симптоми се: Слабост или грчеви во мускулите; Аритмија или забрзано отчукување на срцето; Главоболка; Висок крвен притисок; Покачување на телесната тежина; Депресија; Мачнина; Недостаток на апетит.

Недостатокот на магнезиум може да се утврди преку анализа на крвта. Неконтролираното консумирање на магнезиум под формата на апчиња или како додаток во исхраната може да доведе до предозирање. При предозирање со магнезиум симптомите се: дијареја, малаксаност и поспаност. За да ги избегнете тие непријатности, не употребувајте магнезиум надвор од вашата исхрана, освен ако тоа не ви е препишано од доктор.

**Храна богата со магнезиум -** Повеќето растенија и јаткасти плодови содржат магнезиум. Консумирањето на сончоглед, соја, ореви, семки од тиква, грав, леќа или интегрален леб, зелена салата, морска риба, банани и чоколадо го покачува нивото на магнезиум во организмот. Денес сите ние водиме стресен живот, а магнезиумот го подобрува расположението и помага при стрес. За да бидете поспокојни и поздрави не прескокнувајте ја споменатата храна, богата со овој незаменлив минерал.

**Б.А.**

# Билки против вирусите

Присутноста на вирусите во нашиот организам е здравствен проблем дури и тогаш кога не предизвикуваат никакви симптоми на болест, бидејќи тие се опасни по својата природа и кога се тивки. Вирусите се предизвикувачи на бројни оштетувања и ненормални биохемиски процеси во клетките. За нивната подмолност говори и фактот дека и современата медицина сеуште нема делотворни лекови против нив.

За среќа, како и секогаш, природата нуди ефикасно решение.

**Мачкина канџа -** Мачкината канџа (Uncaria tomentosa) е една од најделотворните билки со противвирусно дејствување. Јужноамериканските Индијанци ја користеле уште пред 2000 години. Оваа билка ги уништува вирусите, но и ги намалува воспалувањата, дејствува против создавањето на тумори, а според некои понови истражувања ефикасна е и против вирусот САРС.

Билката влијае на имунолошкиот систем така што го поттикнува создавањето на лимфоцитите и ја јакне нивната функција.

**Маслинка -** За противирусно дејствување на маслинката одговорна е еленолната киселина која го кочи размножувањето на вирусите, како и создавањето на транскриптазата и протеазата – ензими кои ги користат некои вируси за да ги оштетат здравите клетки. Со забавување на размножувањето на вирусите, состојките од листот на маслинката му даваат доволно време на организмот да тргне во напад и да ги уништи.

Маслинката помага и во лечењето на херпесот и на други вирусни заболувања, потоа на грип настинка, габични инфекции, хроничен замор и алергии, а дејствува дури и на вирусот HIV.

Состојките од листовите на маслинката влијаат така што го инактивираат дејствувањето на антибиотиците, па со тоа производите на база на маслиновите лисја не би требало да се земаат во исто време кога се земаат и антибиотици.

**Цвет од бозел -** Цветот од бозел, е една од најпознатите лековити билки, а многу често е дел од домашната аптека. Бозелот се прославил во народната медицина, а го препорачува и познатиот германски лекар Kneipp, најмногу поради неговата единствена моќ во лекувањето на настинката, грипот и високата температура. Современата наука ја разјаснила тајната на дејствувањето на бобинките на бозелот. Утврдено е дека бозелот има способност да го оневозможи продорот на вирусите во клетките и нивното размножување внатре во нив. Бозелот особено влијае на вирусите кои предизвикуваат настинка и грип, а докажано е дека дејствува и на вирусот Herpes simplex, како и на некои други видови. Бобинките од бозелот имаат и силно антиоксиданско дејство и го намалуваат севкупното ниво на оксиданскиот стрес.

**Ехинацеа** – **Ехинацеа** е најпозната билка која го јакне имунитетот, и е билка чии состојки придонесуваат за зголемување на бројот на имунолошките клетки кои се одговорни за инактивација на вирусите и на бактериите. Докажано е дека ehinacea ефикасно влијае кај акутните инфекции на дишните патишта, вклучувајќи го грипот, настинката, бронхитисот, синуситисот, тонзилитисот, воспалувањето на увото и друго. Најдобро е да се употребува при првите симптоми на болестта.

**Црн ким -** Старите народи сметале дека маслото од црниот ким е лек за сите болести. Преку 200 најнови истражувања го потврдиле неверојатното лековито дејствување на оваа билка. Поради својот богат хемиски состав (содржи преку 100 активни состојки), црниот ким влиаје на широк спектар болести. Благотворно дејствува на дишниот, дигестивниот и уринарниот систем. Го јакне имунитетот, лечи бронхитис, хронично кашлање и емфизем. Дава одлични резултати во лекувањето на алергијата и астмата. Дејствува како природен антибиотик кој нема штетни последици, па затоа може да се користи во сезоната на грип и настинки, а може да се дава и на децата.

Сепак имајте на ум дека со нив не треба да се претерува. **М. Дамјаноска**



# ПУСЗСЛ „Идила - Терзиева“ - Скопје

**Дом за стари лица „ Идила - Терзиева“ - Скопје**
Ул. Призренска бр. 50/2 – Кучевишка Бара тел 02 2666 113,
МОБ: 078/306 669 и 078/366 116

„Идила – Терзиева“ е приватна установа за социјална заштита на стари лица, основана во 1998 година. Новиот објект е отворен во 2013 година и е лоциран на само 8 км од центарот на Скопје. Домот „Идила – Терзиева“ располага со 38 соби и 5 апартмани, сите се опремени со ТВ приемник и индивидуален тоалет со туш, СОС повикувач. Покрај современо опремените соби и апартмани, „Идила – Терзиева“ располага и со заеднички простории распространети на приближно 200 м2, вклучувајќи: комфорен дневен престој, трпезарија со заедничка чајна кујна и камин, и дополнителни заеднички простории за разни друштвени игри. Главната зграда е со површина од 1600 м2. Во склоп на комлексот, се наоѓа и помала зграда, во која се сместени фризерски салон, невладината организација „Хуманост“ и простории за школа за лиценцирање на негователи. Прекрасниот објект во класичен стил е надополнет со 5000 м2 хортикултурно уреден двор со градина со фонтана, клупи, цвеќе и зеленило, просторно шеталиште, овоштарник и друго. Сето ова го прави „Идила – Терзиева“, еден посебен комплекс со иноватовен дух, и предиспозиции за совршен сместувачки капацитет за лица во златната доба.





**Центар за Алцхајмер и деменција „Идила - Терзиева“ - Скопје**
Ул. 18 бр. 30 – Радишани Скопје 02 2655 765

Специјализираниот центар за Алцхајмер и деменција, „Идила–Терзева“, е посебен вид на приватна установа која обезбедува грижа за лица со различен степен на деменција или Алцхајмерова болест. Центарот овозможува начин на живот без стрес и безбеден, со спроведување програми дизајнирани да ги негуваат когнитивните вештини кај постарите луѓе. Кога возрасните лица се соочуваат со Алцхајмерова болест и деменција, тие често бараат внимателна и стручна грижа, во средина што е безбедна и прилагодена на нивните потреби. Негувањето на лица со деменција во домашни услови е тешко бидејќи на овие лица потребна им е грижа 24 часови во денот, а повеќето домови не се изградени за да се можат да се приспособат на посебните потреби на лицата со проблеми со меморијата. Една од целите на специјализираниот центар е да помогне во забавувањето на прогресијата на Алцхајмеровата болест или деменцијата, истовремено овозможувајќи им на постарите да се чувствуваат свои, исполнети и да уживаат во секојдневието. Овој специјализиран центар располага со обучен персонал, кој нуди стручно изработени планови за активности кои помагаат во постигнувањето на оваа цел. И што е најважно, сето тоа е направено во опкружување кое може да им овозможи на постарите лица да се чувствуваат удобно и безбедно. **К.С.А.**

ЗП Чаир

# Предавање за „Деменција кај старите лица“

Во рамките на програмата и мерките што ги презема ЗП Чаир за заштита и подобрување на здравјето на старите лица, во соработка со фармацевтската компанија Алкалоид АД Скопје, во клубот во пензионерскиот дом во Топанско поле, на 18–ти февруари 2020 година организираше едукативно предавање од областа на здравството за своите членови на тема „Деменција кај старите лица“.



На почетокот на предавањето, присутните пензионери и гости ги поздрави Тодор Илиев, координатор во здружението, при што го нагласи значењето на едукацијата, за да се надминат сите потешкотии со кои се соочуваат пензионерите, а денес фокус е даден на деменцијата или алцхајмерова болест. Всушност, целта на ова предавање е да се подигне свесноста за постоење на оваа проблематика и да се разбере важноста од раното дијагностицирање и правилен третман.

Присутните на предавањето, исцрпно беа информирани од вон. проф. прим. д–р Роза Крстевска, психијатар во психијатриска болница „Скопје“ оддел психогеријатрија и кабинет за меморија и деменција

– Луѓето кои страдаат од деменција, се соочуваат со губење на просторна и временска ориентација, дури и во познати места и прилики. Тие се склони кон донесување погрешни и неразумни одлуки во однос на временските прилики и парничните вредности. За жал, дементните луѓе ги губат сознанијата за значењата на апстрактните поими, па многу често ги збунуваат поимите љубов, сомнеж, љубомора и слично, – меѓу другото истакна д–р Крстевска.

На предавањето, кое предизвика голем интерес кај присутните, д–р Крстевска одговараше и на повеќе прашања од заинтересираните пензионери кои имаат лични или фамилијарни проблеми од таа област. Предавањето беше проследено со видео презентација, што овозможи непосредно запознавање со нејасни прашања од оваа проблематика. Од досегашното искуство, може да се заклучи дека ваквите едукативни предавања од областа на здравството за поголем број пензионери се навистина добредојдени. **Васил Пачемски**

ЗП Тафталиџе ДДД

# Здравиот живот,брана против срцеви болести

Светската недела за борба против срцевосадовите заболувања (21–28 февруари) ЗП Тафталиџе ДДД ја одбележа со низа активности насочени кон заштита на пензионерите. Во тој здравствен мозаик посебно место зазема предавањето проследено со мерење на крвен притисок и пулс што се одржа на 25.02.2020 година. Клубот на пензионерите „Никола Карев“ беше претесен за сите заинтересирани пензионери и пензионерки да дознаат нешто повеќе за срцевосадовите заболувања, со акцент како да се заштитат од нив. Во тоа им помогна **д-р Милена Србиноска - Богатиноска** со група волонтери од Црвениот крст.



– Современиот начин на живот, со својата динамика и многубројни обврски, бара секој човек, па и пензионерите, да имаат постојан увид во здравствената состојба и за да не станат жртва на срцевосадовите заболувања, постојано треба да бидат внимателни. Контролата на крвниот притисок, како најчеста причина за срцевите и мозочни инфаркти, контролата на шеќерот во крвта, контролата на масните наслаги, како и борбата против стресот, заедно со здравата храна и редовното спортување, се мошне ефикасни мерки против ова сериозно заболување на современиот човек – рече, покрај другото, д–р Милена Србиноска – Богатиноска.

На предавањето присуствуваа членови на повеќе ограноци на здружението Тафталиџе ДДД. Претседателката на комисијата за здравство Верка Смилкоска го нагласи учеството на пензионерите во разговорот за оваа многу важна здравствена област. Тие изнесуваа сопствени проблеми и изразија благодарност кон директорката за практичните совети за поефикасна самозаштита, односно за доследно придржување кон советите на здравствените работници. Поучена од искуството и од досегашните предавања за одделни заболувања, комисијата и во иднина ќе организира слични предавања. **Перо Миленкоски**






## ЗАНИМЛИВОСТИ

### Мачките можат да лечат болести со своето предење

**Дали знаете дека мачките го намалуваат ризикот од срцев удар?**

**Откријте и за многу други поволности врз човечкото здравје кое го имаат овие слатки домашни миленици.**

Сите љубители на домашни миленици, мачките, добро ја познаваат една од најнеобичните и најслатки карактеристики на нивниот домашен миленик, а тоа е предењето.

Општо е познато дека предењето на мачките придонесува бројни позитивни влијанија врз човечкиот организам.

Еве кои се тие:

**Го намалува стресот**

Вибрациите кои се создаваат додека мачката преде, влијаат како седатив врз нервниот систем на човекот и со тоа тие го смируваат. На овој начин го намалуваат стресот и напнатоста.

**Дијагностицирање болести**

Во светот лекарите станаа свесни за „моќта“ која ја поседуваат мачките. Преку низа истражувања, се дошло до заклучот дека предењето на мачките се разликува во мигот на уживање и мигот на предупредување на човекот на одредена болест.

Исто така, постои студија и за видот на предење кој е поинаков во зависност од болеста.

**Го намалува крвниот притисок**

Предењето на мачките исто така може да влијае врз снижувањето на крвниот притисок.

Не велиме дека може ги замени лековите, но сигурни сме дека дејствува позитивно врз него.

**Ги зајакнува коските**

Според тврдењата на светските ортопеди, фрекфенцијата од 25–200 Hz, која ја произведува мачката во текот на предењето, е најдобра за зајакнување на коските.

**Го намалува ризикот од срцев удар**

Според последните истражувања на кардиолозите, сопствениците на мачки имаат 40 отсто помал ризик да доживеат инфаркт.

**Го намалува отокот и инфекциите**

Стручњаците исто така тврдат дека силната вибрација која мачките ја произведуваат во текот на предењето, влијае врз забрзувањето на циркулацијата што придонесува до брзо смалување на отокот и елиминирање на инфекциите од организмот.

**Дејствува позитивно на лигаментите и мускулите**

Многу професионални спортисти забележале неверојатно позитивно влијание од своите миленици во моментите на замор на мускулите и повреда на лигаментите и тетивите. Водени од ова откритие, научниците ја потврдија оваа појава и сега голем број светски спортски физиотерапевти им препорачуваат на спортистите што повеќе да се дружат со своите домашни миленици мачки.

М. Д.

## КРСТОЗБОР

| сз пм | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | сз пм | 7 | 8 | 9 | сз пм | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | | | | | | 17 | | | | 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | 20 | | | | | | | | 21 | | | | |
| 22 | | | | 23 | | | | | 24 | | | | | 25 | | | |
| сз пм | 26 | | | | | | 27 | | | 28 | | | | | | 29 | |
| 30 | | 31 | | | | | | 32 | | | 33 | | | | | | 34 |
| 35 | | | | 36 | | | | | 37 | | | | | 38 | | | |
| 39 | | | | | 40 | | | | | | | | 41 | | | | |
| 42 | | | | | | | 43 | | | | 44 | | | | | | |

**Хоризонтално:** 16. 17. и 21. Весникот во кој е објавен крстозборов, весник за сегашни и идни пензионери; 18. Канализација во Стариот Рим (лат.); 19. Бугарско машко име; 20. Прелетување (мн.); 22. Јадрански одтров; 23. Еднакво; 24. Името на основачот на маратонското пливање во Македонија Нестор (1934–2016);25.Јадрански остров близу Задар; 26. Коњ со кафеава боја; 27. Наша негација; 28. Полнета руска тестенина; 29. Првата буква; 30. Согласка; 31. Припадник на еден азиски народ; 32. Индиска богинка на плодноста; 33. Земјоделец (арх.); 35. Кратенка за Италијанската телевизија (Radiotelevisione Italiana); 36. Името на последниот премиер на Социјалистичка Федеративна Република Југославија Марковиќ (1924–2011); 37. Војник; 38. Кратенка за фабрика за автомобили во Марибор (Tivarna avtomobil Maribor); 39. Народ на Сахалин, Хокаидо и дел од Курилските острови; 40. Она што останува; 41. Француски филозоф, еден од основачите на социологијата и позитивизмот, Огист (1798–1857); 42. Средна вредност; 43. Муслиманско машко име; 44. Изгрејсонце.

**Вертикално:** 1. Унгарски трикратен олимписки шампион, Ласло (1926–2003); 2. Муслиманско машко име; 3. Град во Тиквешијата; 4. Хемиски симбол за цинк; 5. Самогласка; 6. Наше најстаро еколошко друштво; 7. Благороден гас; 8. Буква од абецедата; 9. Лут корен; 10. Плод од мешункасто растение (мн.); 11. Знак за литар; 12. Автознак за Огулин; 13. Водоземец сличен на крокодилот; 14. Краток; 15. Името на данската ѕвезда на немиот филм Нилсен (1881–1972); 17. Издаденост на копното во море; 18. Образец, модел; 20. Кратнка за меѓународната организација за воздушен сообраќај (International Air Association) 21. Град во Алжир; 23. Хемиски симбол за радиум; 24. Буква од абецедата; 25. Врв на Алпите во Швајцарија (1251 м); 26. Вид слатководна риба; 27. Радиотелевизија Скопје (крат.); 28. Автомобил; 29. Името на македонскиот револуционер, национален херој, војвода и раководител на ВМРО Сандански (1872–1915); 31. Планински масив во Африка (1800 м); 32. Грчка буква; 33. Две исти самогласки; 34. Македонска телевизија (крат.); 36. Англиска кратенка за обединети држави (United States); 37. Хемиски симбол за сребро; 38. Знак за килограм; 40. Автознак за Шпанија; 41. Знак за запад.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение:** ПЕНЗИОНЕР ПЛУС, клоака, Асен, прелети, Паг, исто, Нико, ист, дорат, не, пирог, а, к, татар, Ма, ратај, РАИ, Анте, воин, ТАМ, Аину, остаток, Конт, просек, Аго, изгрев.

## Хумор

Знаеш ли Трпе дека кога нас паметни телефони се користив масовно – а паметни луѓи повремено?

– Знам, затој такој ни иде!

* * *

Две бабички седеле на плажа.

– Вчера ја видов Брижит Бардно на телевизија.

– И?

– Се сеќаваш како млади колку сите сакавме да изгледаме како неа?

– Се сеќавам.

– Епа, нашиот сон конечно се оствари! Сега сме исти!

* * *

Се среќаваат двајца стари пријатели:

– Цветко, што правиш, како си?

– Еве одам на проба од хор.

– Хор?! Ти и хор? Што правиш таму?

– Па, пиеме ракија, потоа преминуваме на пиво, па играме карти.

– А кога пееш?

– На враќање дома.

* * *

Баба отишла на доктор и му вели:

– Докторе да ви кажам нешто. Медицинава стварно напреднала многу со годините. Кога бев млада морав да се соблечам до пола за да ме прегледаат, сега доволно е да го исплазам јазикот.

* * *

Газда на компанија им говори на своите вработени:

– Постојано плачете и се жалите, ама факт е дека оваа година платите ви се повисоки за 30%!

Се слуша глас:

– За разлика од која година?!

– Од наредната!

* * *

Во болница докторот му се обраќа на пациент:

– Овие апчиња за лечење на Корона вирусот ќе мора да ги пиете до крајот на животот.

– Ама докторе, сте ми дале рецепта само за една недела...

– Е да де, што не е јасно?

* * *

Трпана бутка количка со бебе пред маало, ја среќава некоја комшивка:

– Леле види го колку е слатко целото личи на татко му.

Трпана се подзамислува и ја прашува:

– Колку си сигурна дека ти личи на маж ми? Зошто бебето е на комшивката од трети!

* * *

Трпе гледа некој рибар на Вардар како лови риби и му проѓа:

– Долго време рибарите?

– Да, веќе дваесет години.

– И не ви е досадно вака сам да седите до река?

– Не! Секогаш се наоѓа по некоја будала што поставува глупи прашања.

## Штуката и мачорот

Некоја штука дошла на идеја со мачорот глувци да лови. Заедно отишле на лов и мачорот си фатил неколку глувчиња за вечера, а на штуката глувци ѝ ја изгризале опашката.

Поука: „Лошо е кога слатки ќе почне да прави чевлар, а чизми слаткар“.



ЗП Битола

# Отворен нов клуб за дружење

Замениччката на претседателот на Владата задолжена за економски прашања, Мила Царовска, заедно со градоначалничката на општина Битола, Наташа Петровска, претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, Станка Трајкова и заменикот на Фондот за ПИО Илија Ивановски присуствуваа на отворањето на нов клуб при ЗП Битола. На отворањето беа презентирани мерките коишто Владата ги спроведе во насока на унапредување на животниот стандард на пензионерите.

На овој настан, вицепремиерката **Мила Царовска** го изрази своето задоволство што Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, како една од најголемите граѓански организации во нашата држава, постојано напредува, се развива и работи на имплементација на проекти со коишто ги подобрува условите кадешто пензионерите го поминуваат своето време и се дружат меѓусебно.

– Нашата идеја како Влада е да се грижиме за секој поединец во нашата држава. Во таа насока ги зголемивме пензиите, согласно економскиот раст, за 722 денари во јануари месец, кое е исплатено со февруарската пензија, но тие финансиски средства продолжуваат и понатаму бидејќи стануваат дел од основицата на пензиите, што значи дека за оваа година пензионерите ќе добијат вкупно околу 9000 денари на нивните сметки, дополнително од оние усогласувања коишто ги имаа во 2017, 2018 и 2019 година. Продолжуваме да работиме на унапредување на животниот стандард на пензионерите. Како Влада работиме на воспоставување на услуги и во нивниот дом. Грижата за пензионерите коишто не можат да се грижат сами за себе е навистина важна и тоа не може да се реши само преку изградба на одредени старски домови. Грижата во домот е еден современ европски концепт, – изјави вицепремиерката Царовска по средбата со пензионерите од Битола.

Градоначалничката на Битола, **Наташа Петровска** истакна:



– Денес имавме отворање на клуб на пензионери од Здружението на пензионери од Битола Претходно беше направена пристапна рампа кон просториите на Здружението, со што се покажаа дека парите на пензионерите завршуваат во функција на пензионерите, – рече Петровска.

Претседателката на СЗПМ **Станка Трајкова** посочи дека оваа организација не само што се грижи за усогласувања на пензиите, за одржување на реалната вредност на пензијата, туку Сојузот заедно со своите здруженија создава и услови за подостоинствен живот и социјална интеграција на корисниците на пензија.

– Отворањето на овој клуб е убав настан за пензионерите и пример и за другите здруженија како треба здружението да се грижи за своето членство. Тука ќе се дружат пензионерите, но ќе доаѓаат и тие кои ќе станат наскоро пензионери и ќе видат дека пензионерските денови имаат убава содржина. Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија ги поттикнува здруженијата да се грижат за своето членство преку разновидни активности и форми.

**К.С.А.**

ЗП Струга

# Цвеќе за херојот Кузман Јосифовски - Питу

На 25 февруари 2020 година во Струга, ОО на СБМ, пред голем број граѓани ја одбележаа 76–годишнината од смртта на Кузман Јосифовски – Питу. Делегацијата предводена од претседателот на ОО на СБМ – Струга, Ајредин Мемеди положија цвеќе на бистата на Питу, која гордо стои поставена пред куќата на Владо Малески и спомен–плочата во тесното сокаче на улица Браќа Миладиновци.

Пред присутните за животниот пат и слободарското дело на Кузман Јосифовски – Питу, претседателот **Ајредин Мемеди** прочитан реферат, во кој меѓу другото беше истакнато дека Питу имал голема верба во Струга и стружани, но и многу ја сакал. На неколку пати тој доаѓал во Струга, во строга илегалност и притоа им давал задачи на МК на КПМ и СКОЈ.

– Струга треба да е горда што низ нејзините сокаци минувал таков херој



како што бил Питу. Затоа градот треба вечно да се сеќава на него и да го слави неговото дело.

На денот, што за неговиот народ и неговата земја стана најсветол ден, Илинден, на предлог на Маршалот Тито, меѓу првите во Македонија, Кузман Јосифовски – Питу е прогласен за народен херој на Југославија.

Кузман Јосифоски – Питу е роден во Прилеп,15 јуни 1915 година. По завршување то на гимназијата во Битола, студирал на Правниот факултет во Белград каде што е во раководството на напредната студентска младина. Учествува во организирањето на македонското студентско друштво „Вардар“, во кое пресудно влијание имаат студентските комунисти. По окупацијата од новото партиско раководство на Македонија е испратен во нејзиниот западен дел за да го организира Народното ослободително движење. На овој терен успесите на Кузман се огромни. Загинува на 29–годишна возраст во Скопје.

Денес кога се одбележува 76–годишнината од неговото убиство можеме само уште еднаш да повториме дека од тоа светло дело се воспитуваат многу генерации.

На одбележувањето на годишнината присуствуваа голем број пензионери.

**С. Кукунешоски**

# Планинарски маршеви по патеките на Февруарските походи

Во манифестациите за одбележување на 76–годишнината од Февруарскиот поход учествуваа и претставници на Здружението на пензионерите од Делчево.

Делегација на ЗП го посети спомен обележјето и зеде учество во свеченостите по повод 76–годишнината од овој значаен настан од НОВ на Македонија во далечната 1944 година на планината Голак, на десетина километри од тогашното Царево Село (Делчево).

Делегацијата на ЗП положи букет свежи цвеќиња и се поклони пред спомен плочата подигната на Голак во чест на учесниците на Февруарскиот







поход. Букети свежи цвеќиња положија и претставници на Локалната самоуправа, на ограноците на политичките партии и на Здруженија на граѓани од општините Делчево, Пехчево и Берово.

– Ние пензионерите од Делчево и планинарите на „Голачка срна“ и во иднина ќе го посетуваме Голак и ќе ги чествуваме значајните годишнини од нашата славна национална историја, изјави за Војо Мишевски, пензионер и актуелен претседател на Планинарското друштво „Голак“, кое од годинава дејствува како секција на ЗП Делчево.

Во заедничка соорганизација на Сојузот на борците и следбеници на борбените традиции од Прилеп со ЗП Прилеп на 23 февруари по 76–ти пат се одржа традиционалниот планинарски февруарски марш. Годинава покрај, претставниците на овие здруженија зедоа учество околу триста планинари од планинарските друштва „Картуш“ и „Козјак“ од Прилеп. На овој планинарски марш зедоа учество над 300 учесници, планинари од планинарски друштва од Битола, Демир Хисар, Кавадарци и Велес. Патеката по планинските ридови планинарите и другите учесници меѓу кои покрај пензионери имаше и доста млади планинари, се одеше повеќе од четири часа до месноста Две стени и манастирот Свети Димитрија во селото Селце над Прилеп. Учесниците на маршот беа поздравени од претседателот на Сојузот на борците на Македонија д–р Никола Стојановски, од претседателот на СЗБ од НОВ од Прилеп, д–р Круме Соколоски и од претседателот на ЗП Прилеп, Славко Трајкоски.

Со импровизирано пристигнување на партизанскиот баталјон во Истибања и давање рапорт на градоначалникот Ивица Димитров за првпат во овие 76 години од Февруарскиот поход, во центарот на село Истибања имаше симболична симулација на случувањата од Втората светска војна. Во присуство на повеќе од 250 претставници од боречките организации од голем број општини, претставници од АРМ, од полициската станица во Виница, како и од повеќе пензионерски здруженија, виничката организација на борците организираше одбележување на 76 години од Февруарскиот поход. Овој настан кој има голем историско значење, а чествувањето беше на високо ниво со комплетен осврт кон маршрутата на походот даден од секретарот на Боречката организација во Виница – Тодор Димитров.

**К.Р., В.М., П.Д.**

ЗП Кавадарци

# Почит кон доајенот на македонската народна песна

На седницата на Собранието на ЗП Кавадарци одржана на 25 февруари ова година одлучено е пејачката и игроорната група при здружението да го носи името КУД „Никола Бадев“, како почит кон доајенот на македонската песна Никола Бадев. – ни изјави претседателката на Собранието **Виолета Андова**.

Во овој контекст, кога станува збор за напорите што ги прават Кавадарчани, со цел да му оддадат почит на овој амбасадор на народната музика и нивен сограѓанин, со подршка на Советот на Општина Кавадарци и градоначалникот М–р. Митко Јанчев по повод 100 години од раѓањето на Никола Бадев (1918–2018), беше отворена и спомен соба, која се наоѓа во просториите на новиот музеј „Куќата на мирис и вкус“, во Кавадарци. Во спомен собата на Никола Бадев се презентирани голем број предмети: фотографии, инструменти, лични предмети, постери, плочи, карикатури, фото апарати, видео ленти, народни носии и сл., кои долги години грижливо се чувани од неговите ќерки. Спомен собата која е отворена во негова чест е огледало на неговата душа и е спомен за идните генерации.

Инаку, во центарот на плоштадот во Кавадарци поставена е спомен биста на Никола Бадев, дело на познатиот вајар Пане Анѓушев, исто така, по потекло од Кавадарци, а ктитор е неговиот брат Диме Бадев. Така и со овој културен белег градот Кавадарци го следи трендот на светските културни метрополи.

**Лилјана Илиева**

ЗП Пехчево

# Промовирана стихозбирката „Мисловна вртелешка“

Во библиотеката „Кочо Рацин“ во Пехчево се одржа промоција на стихозбирката „Мисловна вртелешка“ од поетесата Светлана Босилкова Далевска, пензионерка од Велес.



Директорката на библиотеката **Габриела Јовевска** претставувајќи ја гостинката и нејзиниот творечки опус истакна:

– За Босилкова Далевска поезијата е мисловна метафора за субјектот што се бара себе си, а на патот на потрагата изборот е секогаш меѓу две крајности и амплитуди: темнината и злото или светлината и добрината. За поетесата Светлана поезијата е премостување на мисловните сетилни дразби врз листот хартија.

Стихозбирката е со обем од педесетина песни, распределени во четири циклуси на стотина страници. Нејзини рецензенти се д–р Димитар Пандев и м–р Марина Мијаковска, а корицата и илустрациите се на познатиот ликовен уметник Живко Цветин.

Пред љубителите на поетската реч во Пехчево стиховите ги интерпретираше самата авторка Светлана Босилкова Далевска, која беше наградена со бурни аплаузи.

**Васил Маневски**

НИЗ ИСТОРИЈАТА НА СЗПМ

# ЗП Центар - Скопје, прво здружение на пензионери во Македонија

ЗП Центар – Скопје, како и сите здружења, членки на СЗПМ, има своја историја, но од нив се разликува по тоа што е првоформирано здружение во нашава земја. Тој историски пат своето 20 – годишно постоење. Проелавата ја организирал Извршниот одбор на Здружението под раководство на тогашниот претседател Боро Ангеловски.



На 16–ти декември 1977 год. Општинското здружение на пензионери и трудови инвалиди донело Одлука за престанок на работата на тогашното здружение на пензионерите и ограноците на Општина Идадија, Кисела вода и Кале и формирање на Општинско здружение го следат бројни организациони и кадровски промени. Како што се одвивале активностите, во зависност од политичките услови, така се менувала структурата на Здружението. Првото Собрание на кое било формирано Здружението, се одржало на 22 јануари 1954 година и тоа работело според донесениот Правилник. Во 1956 год. донесен е првиот Статут, потоа низ годините, се до 2010 год., се вршени повеќепати измени и дополнувања на истиот. Здружението кое тогаш го носи името Идадија, според општината, во 1974 год. за прв пат го одбележува на пензионерите и трудовите инвалиди на Општина Центар – Скопје со својство на правно лице. Вака формираното Здружение функционирало преку своите органи: Конференција, Претседателство, Надзорен одбор, Комисии и секција на трудови инвалиди. Здружението имало свои фондови: деловен, резервен, фонд за заедничка потрошувачка, за социјална и взаемна помош. Секако, Здружението имало и своја Програма според која основна грижа била подобрување на животниот стандард на пензионерите, особено на оние со ниски пензии. Се водело грижа за снабдување на пензионерите со огрев, испраќање на бањско–климатско лекување со целосна партиципација, потоа давање на социјална помош за снабдување со прехрамбени артикли. Сето ова збирува за големото значење што го имало Здружението Идадија за неговите членови.

На 16. 12. 1977 година била донесена одлука на Општинското здружение на пензионерите и трудовите инвалиди на општина Идадија, за престанување на работата на ова Здружение и започнало да функционира Здружението на пензионерите и трудовите инвалиди на Општина Центар.



Денес претседател на ИО и на Здружението е Павле Спасев. Заради сите активности ЗП Центар – Скопје е едно од најдобрите во градот и пошироко.

**Цветанка Илиева**